Службен весник на Република Македонија

Број 139 **27 јули 2016, среда** **година LXXII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3351.	**Одлука** за помилување на осудени лица по повод 2-ри Август 2016 година – Националниот празник на Република Македонија	**2**
3352.	**Уредба** за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2016 година.....	**3**
3353.	**Правилник** за начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар	**3**
3354.	**Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг	**23**
3355.	**Правилник** за формата и содржината на барањето за добивање на претходна согласност на давател на финансиски лизинг	**25**
3356.	**Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво	**27**
3357.	**Правилник** за формата и содржината на барањето за добивање на претходна согласност на финансиско друштво	**29**
3358.	**Правилник** за формата и содржината на барањето за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на правни лица	**31**

		Стр.
3359.	**Правилник** за формата и содржината на барањето за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на независни правни лица	**33**
3360.	**Правилник** за образецот на барањето и потребната документација за остварување право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување	**35**
3361.	**Одлука** за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**40**
3362.	**Тарифен систем** за изменување и дополнување на Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија	**42**
3363.	**Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство	**45**
3364.	**Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување	**50**
	Огласен дел	**1-72**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3351.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и бр. 99/16), Претседателот на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА ПО ПОВОД 2-РИ АВГУСТ 2016 ГОДИНА – НАЦИОНАЛНИОТ ПРАЗНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Делумно се ослободуваат од натамошно извршување на казната затвор осудените лица:

1. ШАБАН МАМУД НАЗМИ од с.Кучица, во траење од 3 месеци;
2. СТОЈАН ВАНЕ ТРАЈКОВ од с.Банско, во траење од 4 месеци;
3. СЕЉАМ АБДУЛА МУАРЕМИ од Скопје, во траење од 4 месеци;
4. ДЕАН ВИКТОР ВЛАХОВ од с.Стојаково, во траење од 3 месеци;
5. ЈОСИФ ТОМЕ ЈОВАНОВ од с.Баница, во траење од 6 месеци;
6. РУБИНЧО ЦВЕТКО ЗДРАВЕВСКИ од Прилеп, во траење од 7 месеци;
7. МИРОСЛАВ ЉУПЧО МАРИНКОВСКИ од Скопје, во траење од 4 месеци;
8. БЛАГОЈА ВАСИЛ АНГЕЛЕВСКИ од Кавадарци, во траење од 3 месеци;
9. СЕНАТ ИЛЈАС РУСТЕМОСКИ од Битола, во траење од 3 месеци;
10. РИЗА РЕСУЉ ЛИМАНИ од с.Колибари, Кичево, во траење од 3 месеци;
11. АЛЕКСАНДАР ЦВЕТАН ДЕСПОТОВСКИ од Битола, во траење од 3 месеци;
12. ТАХИР МЕМЕТ АСАНОСКИ од Прилеп, во траење од 3 месеци;
13. ЗЕНЕДИ ШЕНАСИ ХЕБИБИ од с.Непроштено, во траење од 3 месеци;
14. ГОЦЕ РАНКО ЦВЕТАНОВСКИ од Скопје, во траење од 3 месеци;
15. ДАУТ РАМАДАН ДИНАРИЦА од Скопје, во траење од 3 месеци;
16. ЗЛАТКО МАРИЈАН КОРУНОСКИ од с.Кривогаштани, Прилеп, во траење од 3 месеци;
17. СИНАН КУРТИШ СУЛЕЈМАНИ од Скопје, во траење од 3 месеци;
18. СЕРДУХАН НЕШАТ ЕЛЕЗИ од Скопје, во траење од 3 месеци;
19. ФАИК САФЕТ АХДЕНИС од Скопје, во траење од 3 месеци;
20. БРАНКО КРСТО МИШЕВ од Скопје, во траење од 3 месеци;
21. ВЛАТКО СТОЈМИР АНГЕЛОВСКИ од Велес, во траење од 3 месеци;
22. ДАРКО СТРАХИЛ ЈОЛДАШЕВ од Велес, во траење од 3 месеци;
23. ГОЦЕ РОСЕ СМИЛЕСКИ од Скопје, во траење од 6 месеци;
24. МЕЏИТ ФЕТА СЕФЕРОВСКИ од Скопје, во траење од 3 месеци;
25. ИБРАИМ СУЛЕЈМАН ЏЕЛИЛИ од Скопје, во траење од 8 месеци;
26. ДАВОР ТРАЈКО ИЛИЕВСКИ од Куманово, во траење од 4 месеци;
27. ЗЛАТКО ЖИВКО ПЕТРУШЕВСКИ од Скопје, во траење од 3 месеци;
28. ПЕТАР КРСТЕ КОСТАДИНОВ од с.Негорци, во траење од 4 месеци;
29. ДРАГАН СЛАВЧО ПЕЦОВ од Кавадарци, во траење од 3 месеци;
30. ТОНИ ТОМО НИНЕВСКИ од Скопје, во траење од 6 месеци;
31. ЈОВАН ЖИВКО ЧАКОВСКИ од Скопје, во траење од 6 месеци;

32. ЉУПЧО ТРАЈАН СТОЈАНОВСКИ од Скопје, во траење од 3 месеци;

33. САМОИЛ КИРИЛ ИЛИОСКИ од Прилеп, во траење од 3 месеци;

34. ГЗИМ ШИЌИР БАСТРИЈАГА од Дебар, во траење од 3 месеци;

35. ФЛОРИМ ШИЌИР БАСТРИЈАГА од Дебар, во траење од 3 месеци;

36. ИЛБЕР АРСЛАН КАЈА од Дебар, во траење од 3 месеци;

37. АЛИЈИ РАМАДАН ГРОНЕБЕРГ ШЕНАЗИ од с.Долна Бањица, Гостивар, во траење од 6 месеци;

38. СВЕТИСЛАВ КРСТО ЈАКИМОВСКИ од Скопје, во траење од 3 месеци;

39. АВНИ РЕЏЕП ХАЈДАРОВСКИ од с.Патишка Река, во траење од 6 месеци;

40. РИЗА МЕЏДИ НЕЗИРИ од Тетово, во траење од 3 месеци;

41. НЕЏБЕДИН БЕЌИР РИСТЕМИ од с.Боговиње, во траење од 3 месеци;

42. ГАНИ ИЗЕТ АСЛАНИ од с.Добарце, Тетово, во траење од 3 месеци;

43. ДИМЧО ДРАГИ ВАСЕВ од Скопје, во траење од 6 месеци.

II

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-1116/1
27 јули 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3352.

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 и 120/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.7.2016 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2016 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/16, 27/16, 50/16, 68/16, 99/16, 112/16 и 121/16) во членот 2 став (2) во табелата во колоната „Поблиски критериуми и висина на директни плаќања“ во подмерката 1.1 во алинејата 3 по зборот „пченица“ се додаваат зборовите: „изнесува 18.000,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица до 10 ха, 13.200,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 10,001 до 50 ха, 9.600,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 50,001 до 100 ха и 7.200,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица над 100 ха, а за “.

Во алинејата 4 по зборот „материјал“ се додаваат зборовите: „освен за пченица за која висината на директните плаќања изнесува 13.000,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица до 10 ха, 10.200,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 10,001 до 50 ха, 8.100,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица од 50,001 до 100 ха и 6.700,00 денари по хектар за пријавена површина со пченица над 100 ха “.

Во алинејата 5 по зборот „подмерка“ се додаваат зборовите: „освен за пченицата“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5624/1
19 јули 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Никола Тодоров, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

3353.

Врз основа на член 394 алинеја 12 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИТЕ ИСПИТИ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО- ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ИСПИТНИТЕ ЦЕНТРИ И ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ВРСКА СО СПРОВЕДЕНИТЕ ВОЗАЧКИ ИСПИТИ, КАКО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на возачките испити и поблиските критериуми во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри и водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити, како и начинот на издавање и одземање на лиценца за испитен центар, формата и содржината на образецот на лиценцата за испитен центар.

Член 2

Возачките испити се организираат и спроведуваат во испитни центри согласно организацијата на организациските единици-Сектори за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи, и тоа за подрачјата:

1. Скопје, со испитно место во Скопје, пријавни места во општина Центар, Карпош, Чаир, Аеродром и Гази Баба, со најмалку седум испитни комисии;

2. Битола, со испитно место Битола, подружница и испитно место во Прилеп и Ресен, пријавни места во Битола, Прилеп, Ресен, Демир Хисар, Крушево и Македонски Брод, со најмалку три испитни комисии;

3. Велес со испитно место Велес, подружница и испитно место во Неготино и Кавадарци, пријавни места во Велес, Неготино и Кавадарци, со најмалку две испитни комисии;

4. Куманово со испитно место Куманово, подружница и испитно место во Крива Паланка, пријавни места во Куманово, Крива Паланка и Кратово, со најмалку две испитни комисии;

5. Охрид со подружници испитно место Охрид, испитно место во Струга, Кичево и Дебар, пријавни места во Охрид, Струга, Кичево и Дебар со најмалку две испитни комисии;

6. Струмица со испитно место Струмица, подружници и испитно место во Радовиш, Гевгелија и Валандово, пријавни места во Струмица, Радовиш, Гевгелија и Валандово со најмалку три испитни комисии;

7. Тетово со испитно место Тетово, подружница и испитно место во Гостивар, пријавни места во Тетово и Гостивар со најмалку три испитни комисии ;

8. Штип со испитно место Штип, подружници и испитно место во Свети Николе, Пробиштип, Кочани, Делчево и Берово, пријавни места во Штип, Свети Николе, Пробиштип, Кочани, Делчево, Берово, Виница и Македонска Каменица со најмалку три испитни комисии.

Член 3

(1) Возачкиот испит за кандидат за возач за управување со моторно возило или трактор, се спроведува во испитниот центар согласно Програмата за полагање на возачки испит за управување со моторно возило и трактор (во натамошниот текст: Програмата).

(2) Програмата се состои од теоретски и практичен дел, а за управување со мобилна машина, мотокултиватор, велосипед со помошен мотор, мопед и лесен четрицикл само од теоретски дел.

Член 4

(1) Кандидатот за возач на моторно возило од категориите „Ц1“,„Ц“,„Д1“, и „Д“ го полага теоретскиот дел на возачкиот испит од Програмата.

(2) Кандидатот за возач на трактор, како и кандидатите за возач на мобилна машина, мотокултиватор, велосипед со помошен мотор, мопед и лесен четрицикл, го полага теоретскиот дел на возачкиот испит од Програмата.

(3) Теоретскиот дел од возачкиот испит се полага на електронски компјутерски генериран тест.

Член 5

Практичниот дел на возачкиот испит, опфаќа изведување на активности со моторното возило и тракторот што се од значење за успешно и безбедно управување со возилото согласно правилата на сообраќајот и со условите на патот и во сообраќајот, како и активности за совладување на техниката на управување со возилото.

Член 6

(1) Пријавата за полагање на возачкиот испит се поднесува од страна на кандидатот за возач на моторно возило или трактор, во испитниот центар или во неговата подружница, односно во пријавно место во рамки на подрачјето што го опфаќа испитниот центар, на кое кандидатот има пријавено живеалиште односно престојувалиште непрекинато најмалку шест месеци пред денот на пријавување на возачкиот испит.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога е одземена лиценцата на испитниот центар или кога е изречена забрана за вршење на дејност на испитен центар, пријавата за полагање на возачкиот испит од страна на кандидатот за возач на моторно возило или трактор, по негов избор се поднесува во испитниот центар или во неговата подружница, односно во пријавно место во рамки на подрачјето што го опфаќа испитниот центар, надвор од неговото пријавено живеалиште односно престојувалиште.

(3) Пријавата од ставовите (1) и (2) на овој член, кандидатот може да ја поднесе лично, по пошта, по електронски пат преку електронска пошта (e-mail) или електронски со користење на веб страница и адреса на испитниот центар.

Член 7

Пријавата за полагање на возачкиот испит содржи: име и презиме на кандидатот, датум и место на раѓање, адреса на живеалиште односно престојувалиште, број на лична карта, име и презиме на предавачот, име и презиме на возачот-нструкторот, име на автошколата каде кандидатот се оспособувал, податоци за возилото на кое кандидатот ќе го полага возачкиот испит (дали ќе полага со возило на автошколата или со возило на испитниот центар), податоци за категоријата на возилото за која се полага возачкиот испит, податоци за категоријата на возилата за кои возачот има возачка дозвола, податок по кој пат полага, кога последен пат го полагал возачкиот испит и од која област повторно го полага возачкиот испит.

Член 8

(1) Кон пријавата за полагање на возачкиот испит, кандидатот за возач приложува и докази:

- за завршено најмалку основно образование на кандидатот за возач;

- за здравствена и психофизичка способност на кандидатот за возач за управување со моторно возило односно трактор;

- за извршено оспособување на кандидатот за возач;

- за извршено оспособување на кандидатот за возач од областа на укажување прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода;

- за уплатен износ на трошоци сврзани со полагање на возачкиот испит;

- дека кандидатот за возач од категоријата „Ц1“ и „Ц“, најмалку една година поседува возачка дозвола од категоријата „Б“;

- дека кандидатот за возач од категоријата „Д” најмалку две години поседува возачка дозвола од категоријата „Ц”, а за категоријата „Д1” најмалку две години возачка дозвола од категоријата „Ц1”; или „Ц”;

- дека кандидатот за возач од категориите „БЕ” „,ЦЕ” и „ДЕ“ најмалку една година поседува возачка дозвола од категоријата во која спаѓа влечното возило;

- дека кандидатот за возач од категориите „Ц1Е” и „Д1Е” најмалку една година - поседува возачка дозвола од категоријата во која спаѓа влечното возило;

- дека кандидатот за возач од категоријата „А” по навршени 21 година, најмалку две години поседува возачка дозвола од категоријата „А2”, или лицето има навршено 24 години возраст.

(2) Како доказ за податоците содржани во ставот 1 алинеи 6, 7, 8 и 9 на овој член, се смета фотокопија од возачка дозвола за управување со категориите заверена на нотар.

Член 9

За повторување на возачкиот испит, односно за одреден негов дел, се поднесува повторно пријава до испитниот центар во кој кандидатот за возач го полага испитот.

Член 10

(1) При приемот на пријавата за полагање на возачки испит, од страна на референтот за пријавување на возачки испит, се проверува дали пријавата е целосна, како и дали се приложени сите докази од членот 8 од овој правилник.

(2) Ако се исполнети условите за полагање на возачки испит, од страна на испитната комисија се определува времето и местото на испитот и за тоа се известува кандидатот за возач.

(3) Испитниот центар на кандидатот за возач, му овозможува полагање на возачкиот испит најдоцна 15 дена од денот на приемот на пријавата за полагање.

(4) На барање на кандидатот за возач, од страна на испитниот центар писмено се известува за причините поради кои не му е одобрено полагањето на возачкиот испит.

Член 11

Кандидатот за возач кој нема да го положи теоретскиот или практичниот дел од возачкиот испит, повторно полага најрано седум дена сметано од наредниот ден од денот на последното неуспешно полагање.

Член 12

(1) Пред почетокот на полагањето на возачкиот испит, од страна на испитната комисија се утврдува идентитетот на кандидатот за возач со увид во лична карта.

(2) Кандидатот за возач кој очигледно е под дејство на алкохол, опојни дроги, психотропни супстанции, како и лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возењето, нема да полага возачки испит.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, се смета дека кандидатот не го полагал возачкиот испит и истото се констатира во записникот за полагање на возачкиот испит.

Член 13

(1) Кандидатот за возач може да го одложи возачкиот испит од оправдани причини, најдоцна 48 часа пред почетокот на испитот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, од страна на кандидатот за возач може да се одложи возачкиот испит и во период пократок од наведениот во ставот (1) на овој член, за што доставува соодветна документација (потврда, уверение и сл.) до раководителот на испитниот центар најдоцна три дена од денот на закажаното полагање.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, за новото пријавување на возачкиот испит, кандидатот за возач не ги плаќа трошоците сврзани со полагање на возачкиот испит.

(4) Доколку кандидатот не го одложи возачкиот испит согласно ставот (1) на овој член и доколку не достави соодветна документација за случаите од ставот (2) на овој член или самиот се откаже од полагање на веќе започнатиот возачки испит, ќе се смета дека истиот не го положил возачкиот испит.

(5) Кандидатот за возач, кој во текот на полагањето на возачкиот испит користи учебници, белешки, мобилен телефон и слично, се отстранува од испитот.

(6) Во случаите од ставот (5) на овој член, се смета дека кандидатот за возач не го положил возачкиот испит и истото се констатира во записникот за полагање на возачкиот испит.

Член 14

(1) Возачкиот испит се спроведува на денот кога е закажано испитувањето.

(2) Теоретскиот дел од возачкиот испит се спроведува во еден ден.

(3) Првиот и вториот практичен дел од возачкиот испит се спроведува во еден ден.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, на писмено барање од кандидатот за возач, доставено до раководителот на испитниот центар, вториот практичен дел може да го полага и во друг ден.

Член 15

Теоретскиот дел од возачкиот испит се спроведува во просторија во испитниот центар или во подружницата на испитниот центар.

Член 16

Возачкиот испит започнува со полагање на теоретскиот дел, а потоа на практичниот дел за управување со моторно возило или трактор.

Член 17

На теоретскиот дел од возачкиот испит се утврдува дали кандидатот за возач ги совладал содржините предвидени во Програмата.

Член 18

(1) Тестот за полагање на возачкиот испит содржи прашања на кои одговорите се даваат на начин определен во тестот.

(2) Прашањата од тестот зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

Член 19

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од тестот за полагање на возачкиот испит, изнесува 60 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат за возач кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 90% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 20

(1) Кандидатот за возач на моторно возило кој го положил теоретскиот дел од возачкиот испит може да го полага практичниот дел од возачкиот испит (прв и втор дел) во период од една година од денот кога го положил теоретскиот дел од возачкиот испит.

(2) Кандидатот за возач на моторно возило кој нема да го положи практичниот дел од возачкиот испит во рокот определен во ставот (1) на овој член, го полага повторно теоретскиот дел од возачкиот испит.

Член 21

На барање на кандидатот за возач, испитната комисија може да го информира за направените грешки во тестот за полагање на возачки испит, со овозможување непосреден увид во тестот.

Член 22

(1) Тестот за полагање на возачкиот испит се користи и се дава на кандидатот за возач само за време на полагањето на возачкиот испит.

(2) Прашањата содржани во тестот за полагање на возачкиот испит, како и нивните одговори се чуваат во електронскиот систем за полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит (во натамошниот текст: електронски систем).

(3) Тестот за полагање на возачкиот испит, на барање на овластеното лице од испитниот центар, електронскиот систем ги распределува до испитните центри односно подружниците, по електронски пат, на денот на полагање на возачкиот испит.

Член 23

(1) По добивање на пријавата од членот 6 од овој правилник, на денот на полагањето на теоретскиот дел од возачкиот испит, од страна на испитниот центар се дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со која се одобрува пристапот во електронскиот систем.

(2) По добивање на пристап, кандидатот добива електронски тест, компјутерски генериран, чија содржина, по принцип на случаен избор, ја определува софтверот на електронскиот систем.

(3) Тестот од ставот (2) на овој член, содржи упатство за начинот на решавање на истиот, за кое испитната комисија дава појаснување, пред да започне полагањето на теоретскиот дел од возачкиот испит.

(4) По завршување на полагањето, од страна на испитната комисија за оние кандидати кои го положиле тестот, положениот тест автентично се испечатува од електронскиот систем во хартиена форма, потпишан од испитната комисија се одлага во досието на кандидатот за возач.

Член 24

(1) Во случај на спреченост на спроведување на теоретскиот дел од возачкиот испит, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем, испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат најдоцна 60 минути од прекинувањето на испитот, истиот се продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат согласно ставот (2) на овој член, испитот не се спроведува и се презакажува за друг термин.

Член 25

Практичниот дел од возачкиот испит за управување со моторно возило или трактор може да го полага само кандидат за возач кој претходно го положил теоретскиот дел.

Член 26

На практичниот дел на возачкиот испит се утврдува дали кандидатот за возач се стекнал со знаење и потребна вештина за самостојно управување со моторно возило од категоријата за која го полага испитот односно со трактор.

Член 27

(1) Практичниот дел на возачкиот испит се полага на моторно возило што се обезбедува од страна на кандидатот за возач, од автошколата или испитниот центар, и тоа:

1. за „А1“ категорија - со моторно возило од „А1“ категорија, мотоцикл без приколка, со зафатнина од најмалку 120 cm3, кој може да постигне брзина од најмалку 90 km/h;

2. за „А2“ категорија - со моторно возило од „А2“ категорија, мотоцикл без приколка, со зафатнина од најмалку 400 cm³ и моќност на моторот од најмалку 25 kW;

3. „А“ категорија - со моторно возило од „А“ категорија, мотоцикл без приколка, со зафатнина од најмалку 600 cm³ и моќност на моторот од најмалку 40 kW;

4. за„Б“ категорија - со моторно возило од „Б“ категорија кое може да има и автоматски менувач, возило на четири тркала што може да постигне брзина од најмалку 100 km/h;

5. за „БЕ“ категорија -со група возила „БЕ“ категорија, комбинација составена од возило од категорија Б и приколка со најголема дозволена маса од најмалку 1000 kg, што може да постигне брзина од најмалку 100 km/h, кое не спаѓа во Б категорија. Товарниот дел од приколката се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада) која е широка и ви-

сока најмалку колку што е широко и високо моторното возило, а затворената кутија може да биде помалку широка од моторното возило доколку можноста за гледање преку ретровизор е можна единствено со употреба на надворешни ретровизори на моторното возило, а приколката има најмалку 800 kg реална вкупна маса;

6. за „Ц1“категорија - со моторно возило од „Ц1“категорија, возило со најголема дозволена маса од најмалку 4000 kg, должина од најмалку 5 m, што може да постигне брзина од најмалку 80 km/h, опремено со анти-блокирачки сопирачки. Товарниот дел се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада), која е широка и висока најмалку колку и кабината;

7. за „Ц1Е“категорија - со група возила од „Ц1Е“ категорија, комбинација составена од возило од категорија Ц1 и приколка со најголема дозволена маса од најмалку 1.250 kg, оваа комбинација е со должина од најмалку 8 m и може да постигне брзина од најмалку 80 km/h. Товарниот дел од приколката се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада) која е широка и висока најмалку колку и кабината, приколката има најмалку 800 kg реална вкупна маса;

8. за „Ц“ категорија - со моторно возило од „Ц“ категорија, со најголема дозволена маса од најмалку 12 000 kg, должина од најмалку 8 m, ширина од најмалку 2,4 m, што може да постигне брзина од најмалку 80 km/h, опремено со анти-блокирачки сопирачки. Товарниот дел се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада) која е широка и висока најмалку колку и кабината, возилото има најмалку 10 000 kg реална вкупна маса;

9. за „ЦЕ“ категорија - со група возила од „ЦЕ“ категорија, комбинација од возило од Ц категорија и приколка со должина од најмалку 7,5 m , при што комбинацијата има најголема дозволена маса од најмалку 20 000 kg, должина од најмалку 14 m и ширина од најмалку 2,4 m и може да постигнат брзина од најмалку 80 km/h. Товарнот дел се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада), која најмалку е широка и висока колку и кабината, комбинацијата има најмалку 15 000 kg реална вкупна маса;

10. за „Д1“категорија - со моторно возило од „Д1“категорија, возило со најголема дозволена маса од најмалку 4000 kg, со должина од најмалку 5 m, може да постигне брзина од најмалку 80 km/h, опремена со анти-блокирачки сопирачки;

11. за „Д1Е“категорија - со група возила од „Д1Е“категорија, комбинација составена од возило од категорија Д1 и приколка со најголема дозволена маса од најмалку 1250 kg и може да постигне брзина од најмалку 80 km/h. Товарниот дел од приколката се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада), која е широка најмалку два метри и висока два метри, приколката има најмалку 800 kg реална вкупна маса;

12. за „Д“ категорија -со моторно возило од „Д“ категорија, возило со должина од најмалку 10 m и ширина од најмалку 2,4 m што може да постигне брзина од најмалку 80 km/h, опремено со анти-блокирачки сопирачки;

13. за „ДЕ“ категорија - со група возила од „ДЕ“ категорија, комбинација составена од возило од категорија „Д“ и приколка со најголема дозволена маса од најмалку 1250 kg, ширина од најмалку 2,4 m, може да постигне брзина од најмалку 80km/h. Товарниот дел од приколката се состои од затворена кутија (постојана или привремена изведба со церада), која е широка два метри и висока два метри, приколката има најмалку 800 kg реална вкупна маса;

14. „Ф“ категорија за возачи на трактори - со трактор (со кабина) кој не е со гасеници и приклучно возило со носивост од најмалку 1.500 kg.

(2) Лице со посебни потреби може да полага практичен дел на возачкиот испит со моторно возило, ако за време на полагањето на возачкиот испит има потребни помагала или возачкиот испит го полага на моторно возило приспособено на неговите посебни потреби.

Член 28

(1) Возилата од членот 27 од овој правилник за полагање на возачкиот испит покрај задолжителната опрема согласно закон, се опремени и со:

1. внатрешно огледало за возилата од „Б“ категорија;

2. апарат за гаснење на пожар;

3. посебна ознака со натпис „Автошкола“ или „Испитен центар“ која ноќе и во услови на намалена видливост е осветлена. Ознаката е со димензии 75x15 см. и има сопствен извор на светлина. Се поставува на највисокиот дел на возилата од сите категории, освен на возилата од категориите „А1“, „ А2“ и „А“;

4. Сигурносен рефлектирачки елек во жолта боја со впишана латинична буква „L“ во бела боја со димензии 15x9x3 cm, на сина основа со димензии 25x25 cm за возилата од категориите „А1“, „ А2“ и „А“;

5. Камера со двострано снимање со сопствен извор на напојување, поставена во внатрешниот дел на возилото на предното ветробранско стакло, а по исклучок за возилата од „А1“, „ А2“ и „А“ категории и „Ф“ националната категорија, во возилото управувано од испитната комисија која го спроведува полагање на возачкиот испит на начин што овозможува препознавање на кандидатот за возач и испитната комисија.

6. Уред за воспоставување аудио врска за возилата од категориите „А1“, „ А2“ „А“ и „Ф“ националната категорија.

(2) Снимениот материјал од ставот (1) точка 5 на овој член се чува во испитниот центар, согласно прописите за заштита на личните податоци.

(3) Возилата за полагање на возачкиот испит од категориите „Б“ „ Ц1“ и „Ц“ се опремени со двојни ножни команди, технички исправни и регистрирани во Република Македонија.

(4) Возилата за полагање на возачкиот испит на кандидати за возачи од категориите „А1“, „А2“, „А“, „БЕ“, „Ц1Е“, „ЦЕ“, „Д1“, Д1Е“, „Д“, ДЕ“ и „Ф“ треба да се технички исправни и регистрирани во Република Македонија.

Член 29

(1) За време додека се полага практичниот дел од возачкиот испит, моторното возило односно тракторот е означено со посебни таблици за означување на возило со кое се врши оспособување на кандидати за возачи.

(2) Посебните таблици се обезбедуваат од страна на испитниот центар.

Член 30

Комисијата за полагање на возачкиот испит нема да започне со спроведување на практичниот дел на возачкиот испит, доколку утврди дека возилото на кое е предвидено да се полага испитот не е технички исправно, односно истото не ги исполнува посебните критериуми од членовите 27 и 28 од овој правилник.

Член 31

(1) Практичниот дел од возачиот испит за управување со моторно возило од категорите „А1“„А2“ и „А“ се полага на уреден простор одобрен за таа цел (полигон) и на јавен пат, како единствен дел на испитот.

(2) На возачкиот испит од ставот (1) на овој член, кандидатот за возач треба да го подготви возилото за возење и правилно да ги изведува особено следниве дејствија:

1. поаѓање од место, одржување на правецот на движење и рамнотежа при возење, движење напред по обележана права линија во должина од 30 m и ширина од 25 cm со промена од прв во втор степен на пренос, излегување од линијата и враќање во истата со слободно вртење во втор степен на пренос од десно на лево со застанување во обележан простор од еден метар со предното тркало пред стоп линијата, стапнување со една нога на патот (лева или десна), поставување на степенот на пренос во неутрална положба, слегување од мотоциклот и туркање напред од просторот на вежбата“;

2. движење меѓу осум конуси во обележана лента широка два метри во должина од 30 m;

3. управување со возилото во сообраќај на јавен пат во согласност со правилата на сообраќајот, сообраќајните знаци, состојбата на патот и условите на сообраќајот.

(3) Кандидатот за возач го полага возачкиот испит согласно ставот (3) точка 3 на овој член, на начин што испитната комисија му го одредува правецот на движење на кандидатот за возач со возилото, при што испитната комисија паралелно го следи со друго моторно возило и притоа има воспоставено директна радио-врска со кандидатот за возач.

Член 32

(1) Практичниот дел од возачкиот испит за управување со моторно возило се состои од два дела: прв и втор практичен дел.

(2) Првиот практичен дел од возачкиот испит од ставот (1) на овој член, се полага на уреден простор одобрен за таа цел (полигон).

(3) Вториот практичен дел од возачкиот испит од ставот 1 на овој член, се полага на јавен пат.

(4) Кандидатите за возачи од категориите „Б“„Ц1“ „Ц“, „Д1“, „Д“ и националната категорија „Ф“ ги полагаат двата практични дела предвидени во ставот (1) на овој член.

(5) Кандидатите за возачи од категориите „БЕ“, „Ц1Е“ „ЦЕ“, „Д1Е“, „ДЕ“ го полагаат само вториот практичен дел од возачкиот испит.

Член 33

(1) На првиот практичен дел од возачкиот испит од член 32 став (1) од овој правилник, кандидатот за возач треба да покаже дали може да го подготви возилото за возење и со истото правилно да ги изведува особено следните дејствија:

1. поаѓање со возилото од место, одржување на правец на движење напред во сообраќајна лента широка 2.5 m и во должина од 36 m, промена од прв во втор степен на пренос и застанување пред обележана линија, за запирање за возило од категорија „Б“, односно поаѓање со возилото од место, одржување на правец на движење напред во сообраќајна лента широка 2.5 m и во должина од 36 m, и застанување пред обележана линија, за запирање за возило со автоматски менувач од категорија „Б“. Поаѓање со возилото од место, одржување на правец на движење напред во сообраќајна лента широка 3.5 m и во должина од 36 m , со промена од втор во трет степен на пренос и застанување пред обележана линија за запирање на возилото на пропишан и безбеден начин, за возила од останатите категории;

2. возење назад и движење по средина на сообраќајна лента широка 2.5 m и во должина од 36 m и застанување пред обележана линија за запирање за возила од категорија „Б“, односно сообраќајна лента широка 3.5 m за возила од останатите категории;

3. полукружно свртување на возило од категорија „Б“ со најмногу три полни маневри на простор широк шест метри за возила со должина до четири метри, односно полукружно свртување на возило од категорија „Б“ во определен простор широк седум метри за возила поголеми од четири метри. Полукружно свртување за возила од категориите „Ц1“, „Ц“, „Д1“ и „Д“ , како и националната „Ф“ категорија, со најмногу четири полни маневри, на сообраќајна лента широка 3.75 m со користење на страничен пат широк пет метри;

4. паркирање на возило од категорија „Б“ покрај раб на коловозот со движење назад во определен простор широк два метри и во должина шест метри за возила со должина до четири метри, односно во определен простор широк два метри и во должина од седум метри за возила со должина поголема од четири метри, кој се означува со поставување на вертикални граничници од пластика или гума. Паркирање на возило од категорија „Ц1“ „Ц“ и национална категорија „Ф“, косо, покрај раб на коловоз кој се означува со поставување на вертикални граничници од пластика или гума во правец на движење на возилото, со движење назад во определен простор широк 3.75 m, односно за категорија „Д“ и поткатегорија „Д1“, косо со движење напред во определен простор широк четири метри и излегување назад со вклучување во сообраќајна лента и движење напред кој се означува со поставување на вертикални граничници од пластика или гума во правец на движење на возилото и

5. Запирање и поаѓање со возилото на површина на угорнина со употреба на помошна сопирачка за возилата од категориите „Б“, „Ц1“, „Ц“, „Д1“, „Д“ и националната категорија „Ф“.

(2) Означување на просторот за изведување на дејствијата од ставот (1) на овој член, се врши со поставување на вертикални граничници од пластика или гума во висина од 110 cm за возила од категорија „Б“, односно во висина од 150 cm за возила од категорииите „Ц1“, „Ц“ , „Д1“, „Д“ и националната категорија „Ф“, кои се обоени со бела и црвена боја и се поставуваат на аглите од обележаните вежби.

(3) Возачкиот испит од ставот (1) на овој член, испитната комисија го спроведува со непосредно следење на кандидатот при изведување на дејствијата со возилото.

Член 34

(1) Вториот практичен дел на возачкиот испит од членот 32 став (1) од овој правилник, се полага откако ќе се положи првиот практичен дел и тоа на сообраќајници со поинтензивен сообраќај.

(2) На вториот практичен дел на возачкиот испит, кандидатот за возач треба да покаже дека поседува практично знаење и потребна вештина за безбедно и самостојно управување со возилото, а особено за:

- одржување правец при возењето со менување на степени на преносот;

- правилно движење покрај десниот раб на коловозот и прилагодување на брзината на движење на возилото според особините и состојбата на патот, видливоста, атмосферските услови, густината на сообраќајот и другите сообраќајни услови;

- правилно движење во кривина и правилно вклучување на страничен пат;

- правилно престигнување, обиколување и разминување;

- правилно престројување и свртување налево и надесно (правилен лак);

- правилно и безбедно полукружно свртување;

- постапување доволно внимателно и претпазливо во однос на другите учесници во сообраќајот, а особено кон пешаците, децата, возрасните и изнемоштените лица;

- правилно минување преку обележан пешачки премин и премин преку железничка пруга во ниво без браник;

- постојано следење на сообраќајот околу себе и користење на возачките огледала;

- воочување на сообраќајните знаци и соодветно постапување според истите;

- навремено реагирање на опасности и правилно постапување при поголема брзина на движење;

- правилна употреба на светлата за осветлување на патот и за означување на возилото, како и правилно давање знаци за предупредување, како и

- управување со возилото во согласност со правилата и условите на сообраќајот на патот.

Член 35

Вториот практичен дел од возачкиот испит трае додека испитната комисија не се увери дека кандидатот за возач го поседува потребното знаење и способности за безбедно и самостојно управување со моторно возило или трактор во сообраќајот на пат, и тоа за:

- категоријата „А1“, „А2“, „А“, „Б“, „БЕ“ и националната категорија „Ф“ најмалку 25 минути и не подолго од 40 минути и

- категоријата „Ц1“, „Ц1Е“, „Ц“, „ЦЕ“, „Д1“, „Д1Е“, „Д“, „ДЕ“, најмалку 45 минути и не подолго од 60 минути.

Член 36

(1) Неправилно извршените дејствија на првиот односно вториот практичен дел на возачкиот испит, од страна на испитната комисија се оценува со негативни поени утврдени во оценувачките листови за првиот и вториот практичен дел на возачкиот испит (Образец бр. 1 , Образец бр. 1-а, Образец бр. 1-б и Образец бр.2).

(2) Кандидатот за возач се смета дека не го положил практичниот дел од возачкиот испит, ако од страна на испитната комисија е оценет со повеќе од 50 негативни поени за првиот и вториот практичен дел одделно.

Член 37

Успехот на кандидатот за возач од секој дел од возачкиот испит, испитната комисија, врз основа поените од членот 36 од овој правилник, го оценува со конечна оценка „положил“ или „неположил“ и се издава уверение на Образец бр.3.

Член 38

Кандидатот за возач на моторно возило кој не го положил првиот односно вториот практичен дел од возачкиот испит, истиот може да го полага повторно најдоцна една година од денот кога го положил теоретскиот дел на возачкиот испит.

Член 39

(1) За текот на спроведувањето на возачкиот испит се води записник.

(2) Записникот од ставот (1) на овој член, ги содржи следните податоци: реден број на регистарот за полагање на возачки испит; име на кандидатот за возач, име на еден од родителите и презиме на кандидатот за возач; датум и место на полагање на возачкиот испит; оценка на секој дел на возачкиот испит и оценка за возачкиот испит во целина; име и презиме и потпис на претседателот и на членовите на испитната комисија.

Член 40

(1) Во испитниот центар се води уредна евиденција во врска со спроведените возачки испити за кандидати за возачи.

(2) Постигнатите резултати за спроведениот возачки испит, од страна на испитниот центар се објавуваат во средствата за јавно информирање и се доставуваат до автошколите на подрачјето на седиштето на испитниот центар и Министерството за внатрешни работи, најмалку еднаш годишно.

(3) Непосредно по спроведениот возачки испит, постигнатите резултати од полагањето на кандидатите за возачи (лично име, татково име и име на автошколата) се објавуваат на веб страната на испитниот центар не подоцна од 30 дена од денот на полагањето.

Член 41

Евиденцијата од член 40 од овој правилник, се води со соодветна информатичка опрема и посебна софтверска апликација, која овозможува единствена база на податоци за спроведување на возачкиот испит, како и информатичка опрема која овозможува електронско поврзување со други субјекти (автошколи, органи на државна управа, институции и сл.)

Член 42

(1) Од страна на испитниот центар се води евиденција за полагањето на возачкиот испит.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член, ги содржи следните податоци: реден број; име на кандидатот за возач, име на еден од родителите и презиме на кандидатот за возач; адреса на живеалиште односно престојувалиште на кандидатот за возач; датум, место и општина на раѓање на кандидатот за возач; датум на првото полагање на секој дел од возачкиот испит; по кој пат го полага возачкиот испит и датум кога го положил наведениот дел од возачкиот испит; постигнат успех на возачкиот испит (положил и датум) и забелешки.

Член 43

(1) Евиденцијата за полагањето на возачкиот испит се води за сите кандидати за возачи во секоја категорија на возила одделно, за цела календарска година.

(2) Податоците содржани во евиденцијата од ставот (1) на овој член, се чуваат во просторијата на стручниот раководител на испитниот центар, како документ од трајна вредност, во писмена и електронска форма, согласно прописите за канцелариско и архивско работење.

(3) Во периодот на времетраење на забраната за вршење на полагањето на возачкиот испит на кандидати за возачи, како и по престанокот на работа на испитниот центар, евиденцијата од членот 42 од овој правилник се предава во Министерството за внатрешни работи, за што се издава потврда.

Член 44

(1) По спроведениот возачки испит, за кандидатите кои го положиле испитот, целата документација сврзана со полагањето на возачкиот испит (пријави за полагање на возачкиот испит, записници, положен тест во печатена форма, оценувачки листови и слично), од страна на испитниот центар се доставува до Министерството за внатрешни работи, според местото каде се спроведувал возачкиот испит.

(2) Во однос на секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз видео и аудио записите, како и врз личните податоци на кандидатите за возачи, а во врска со нивната обработка, се применуваат прописите за заштита на личните податоци.

Член 45

(1) Возачкиот испит се полага пред испитна комисија формирана од страна на раководителот на испитниот центар.

(2) Испитната комисија од ставот (1) на овој член, е составена од претседател и двајца членови – испитувачи, од кои еден испитувач за теоретскиот дел и еден испитувач за практичниот дел од Програмата.

(3) Испитната комисија од ставот (1) на овој член работи во полн состав, а со работата на испитната комисија раководи претседателот.

(4) Претседателот и членовите на испитната комисија од ставот (1) на овој член, одлуката за успехот на кандидатот кој полага возачки испит, ја донесуваат со мнозинство на гласови.

Член 46

(1) Испитниот центар треба да поседува простории и материјално-техничка опрема потребни за вршење на работите на организирање и спроведување на возачки испит за кандидат за возач во сопственост на испитниот центар или под закуп.

(2) Во седиштето на испитниот центар треба да има соодветни простории за административно работење на референтите и испитните комисии, просторија за работа на раководителот, просторија за работа на контролорот и другите вработени во испитниот центар.

Член 47

Пријавувањето на возачкиот испит кандидатите го вршат во посебни простории за пријавување (пријавни места), кои можат да бидат во сопственост на испитниот центар или под закуп, опремени со информатичка опрема за пријавување.

Член 48

(1) Во седиштето на испитниот центар и во неговите подружници треба да има соодветни простории за изведување на теоретскиот дел од возачкиот испит кои обезбедуваат услови за спроведување на теоретскиот дел од возачкиот испит за најмалку 30 кандидати.

(2) Просторијата за изведување на теоретскиот дел од возачкиот испит (училницата) од ставот (1) на овој член располага со просторна површина од најмалку 1,5 m2 по кандидат за возач, односно најмалку пет m2 за испитната комисија, опремена со една работна маса, една училишна табла и училишен прибор со можност за појаснување на начинот на спроведување на теоретскиот дел од возачкиот испит, со соодветно греење, вентилација, осветлување и санитарен чвор.

(3) Просториите од ставот (1) на овој член, е опремена со соодветна информатичка опрема за спроведување на теоретскиот дел од возачкиот испит за најмалку 30 кандидати за возачи.

(4) Просториите од ставот (1) на овој член, може да биде во сопственост на испитниот центар или под закуп.

(5) Во просториите од ставот (1) на овој член треба да биде поставена и опрема за видео надзор која овозможува видео записи на спроведувањето на теоретскиот дел од возачкиот испит.

(6) За обезбедување на видео надзор согласно ставот (5) на овој член, просторијата (училницата) е опремена со камери кои согласно димензиите и карактеристиките на просторијата ќе овозможат квалитетен видео запис кој овозможува препознавање на кандидатите за возачи и испитната комисија, од целокупниот процес на изведување на теоретскиот дел од возачкиот испит со можност за архивирање и документирање на снимениот материјал.

(7) Снимениот материјал од ставот (6) на овој член согласно прописите за заштита на личните податоци, се чува во просториите на испитниот центар 30 дена од денот на изведување на теоретскиот дел од возачкиот испит.

Член 49

(1) Испитниот центар треба да поседува соодветна информатичка опрема и соодветни лиценцирани софтверски апликации што овозможуваат спроведување на возачкиот испит.

(2) Покрај информатичката опрема и посебните софтверски апликации од ставот (1) на овој член, испитниот центар треба да има и:

- пристап за користење на апликација за спроведување на електронско полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит и
- интернет конекција во седиштето на испитниот центар и во подружниците од најмалку 4 mb/s наменет исклучиво за електронско полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит.

Член 50

(1) За издавање на лиценца за испитен центар се поднесува барање по претходно објавен јавен конкурс од страна на Министерството за внатрешни работи, кон кое се приложуваат докази за исполнетоста на условите за вршење на работите на испитен центар согласно закон.

(2) Поднесените барања за издавање на лиценца за испитен центар се разгледуваат од страна на комисија формирана во Министерството за внатрешни работи, која се состои од претседател и четири члена.

Член 51

(1) Комисијата од членот 50 од овој правилник, врши оценување на пријавените правни лица, изготвува бодовна листа врз основа на која го врши оценувањето на пријавените правни лица на јавниот конкурс и ги одредува најдобро оценетите правни лица по подрачје на испитен центар за каде конкурирале пријавените правни лица.

(2) Оценувањето на правните лица од ставот (1) на овој член се врши со бодовна скала од нула, три и пет.

(3) Оценката нула означува дека не се исполнети условите утврдени со закон и овој правилник за добивање на лиценца за испитен центар и има елиминаторен карактер. Оценката три означува дека правното лице делумно ги задоволува условите за добивање на лиценца за испитен центар, оценката пет означува дека правното лице целосно ги задоволува условите за добивање на лиценца за испитен центар.

(4) Оценките за исполнетоста на поблиските критериуми во однос на просторните услови, материјалнотехничката и информатичката опрема се утврдуваат со мнозинство на гласови дадени од претседателот и членовите на Комисијата.

(5) Вкупната оценка е збирот на оценките од ставот (4) на овој член.

Член 52

На прворангираните правни лица за секој испитен центар, им се издава лиценца за испитен центар.

Член 53

Лиценцата за работа на испитниот центар се издава на Образец бр.4, кој се печати на хартија во А4 формат со позадина каде е испечатено знамето на Република Македонија и ги содржи следните податоци :

- назив на правното лице кое се овластува за вршење на работите на овластен испитен центар;
- седиште на правното лице;
- единствен даночен број на правното лице;
- работи и работни задачи за кои се издава овластувањето;
- период за кој се издава овластувањето;
- датум на издавање;
- потпис и печат на Министерството за внатрешни работи.

Член 54

Обрасците бр.1, 1-а, 1-б, 2, 3 и 4 се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 55

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри, водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити и за формата и содржината на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ број 103/07, 150/07, 127/09, 80/10, 46/11, 90/12 и 74/14).

Член 56

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 30 ноември 2017 година.

Бр. 13.1.1-44035/1
18 јули 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков,** с.р.

Образец број 1

Испитен центар „_____“ -
_____

ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ
за прв практичен дел од возачкиот испит на

Кандидатот за возач,

_____
(име, татково име и презиме)

Број на лична карта _____ издадена од _____

Датум на полагање _____ 20 ____ година, Испит за категорија_____

	ДЕЈСТВИЈА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ		**НЕГАТИВНИ ПОЕНИ** Маркирај во полето (Х)
	1. Тргнување со возилото од место (пред обележана стартна линија), движење по обележана сообраќајна лента со менување од прв во втор степен на пренос за категоријата „Б“ и националната категорија „Ф“ и од втор во трет степен на пренос за останати категории и запирање на возилото пред обележана линија за запирање СТОП (линија)		
А)	Стартување на моторот на возилото со вклучен степен на пренос	**20**	
Б)	Тргнување и движење со затегната помошна (рачна) кочница - сопирачка по целата сообраќајна лента	**30**	
В)	Нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот на возилото	**10**	
Г)	Предвремено, задоцнето или нагло додавање и намалување на педалото за гориво и брзината на движење	**10**	
Д)	Неправилно или грубо менување на степените на пренос	**15**	
Ѓ)	Движење и запирање на возилото без промена на степен на пренос или не пуштање на педалата на спојката по промена од прв во втор или од втор во трет степен на пренос	**20**	
Е)	Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни обележани линии од соодветната сообраќајна лента	**51**	
Ж)	Неправилно застанување пред обележаната линија за запирање (СТОП линија) на растојание поголемо од едно метро	**30**	
	2. Движење со возило наназад во обележаната сообраќајна лента и запирање пред обележаната напречна линија		
А)	Непотребно запирање на движењето на возилото	**10**	
Б)	Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни линии од соодветната сообраќајна лента при движење наназад	**51**	
В)	Неправилно застанување при движење наназад пред обележаната напречна линија на растојание поголемо од едно метро	**30**	

	3. Полукружно свртување со возило		
А)	Газење со тркалото на возилото на обележаните линии и димензионираната површина за полукружно свртување	**51**	
Б)	Нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот на возилото	**10**	
В)	Неправилно или грубо менување на степените на пренос	**10**	
Г)	Вртење на управувачкото тркало (воланот) во место, кога возилото е запрено, освен за категорија „Б“	**20**	
Д)	Неуспешно полукружно свртување со определениот број маневри и тоа за: категорија „Б“ три, за категории „Ц1“,„Ц“,„Д1“и „Д“, како и за национална категорија „Ф“ четири	**51**	
	4. Паркирање на возило во определена паркинг површина		
А)	Неуспешен обид за паркирање во определената паркинг површина (се откажува)	**30**	
Б)	Газење со тркалото на возилото преку обележана линија на определена паркинг површина или удар во столбче - граничник	**51**	
В)	Несиметрично паркирање во определена паркинг површина	**15**	
Г)	Неуспешно паркирање и по вториот обид	**51**	
	5. Тргнување со возилото на нагорнина со употреба на рачна (помошна) кочница-сопирачка		
А)	Неупотребување на рачната (помошната) кочница-сопирачка	**51**	
Б)	Возилото не може да тргне напред или моторот се гаси	**30**	
В)	Враќање на возилото наназад при тргнување	**30**	
Г)	Неуспешно поаѓање и по втор обид	**51**	

Вкупен број на негативни поени: _____

Кандидатот _____, овој дел од испитот:
го положи/не го положил

(непотребното да се прецрта)
ИСПИТНА КОМИСИЈА:
Претседател: _____,
член-испитувач: _____ и
член-испитувач: _____
*Отценувањето се врши со маркирање во празните полиња со Х, вкупниот број на негативни поени преставува збир од сите маркирани полиња.

Образец број 1-а

Испитен центар „_____“ - _____

ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ
за прв практичен дел од возачкиот испит на

Кандидатот за возач,

_____

(име, татково име и презиме)

Број на лична карта _____ издадена од_____

Датум на полагање _____ 20 ____ година, Испит за категорија _____

	ДЕЈСТВИЈА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ	**НЕГАТИВНИ ПОЕНИ** Маркирај во полет (X)	
	1. Тргнување со возилото од место (пред обележана стартна линија), движење по обележана сообраќајна лента за категоријата „Б“ со автоматски менувач и запирање на возилото пред обележана линија за запирање СТОП (линија)		
А)	Стартување на моторот на возилото со вклучен степен на пренос	**20**	
Б)	Тргнување и движење со затегната помошна (рачна) кочница - сопирачка по целата сообраќајна лента	**30**	
В)	Нагло тргнување и гаснење на моторот на возилото	**10**	
Г)	Предвремено, задоцнето или нагло додавање и намалување на педалото за гориво и брзината на движење	**10**	
Д)	Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни обележани линии од соодветната сообраќајна лента	**51**	
Ѓ)	Неправилно застанување пред обележаната линија за запирање (СТОП линија) на растојание поголемо од едно метро	**30**	
	2. Движење со возило наназад во обележаната сообраќајна лента и запирање пред обележаната напречна линија		
А)	Непотребно запирање на движењето на возилото	**10**	
Б)	Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни линии од соодветната сообраќајна лента при движење наназад	**51**	
В)	Неправилно застанување при движење наназад пред обележаната напречна линија на растојание поголемо од едно метро	**30**	
	3. Полукружно свртување со возило		
А)	Газење со тркалото на возилото на обележаните линии и димензионираната површина за полукружно свртување	**51**	

Б)	Нагло тргнување или гаснење на моторот на возилото	10	
В)	Неуспешно полукружно свртување со три маневри	51	
	4. Паркирање на возило во определена паркинг површина		
А)	Неуспешен обид за паркирање во определената паркинг површина (се откажува)	30	
Б)	Газење со тркалото на возилото преку обележана линија на определена паркинг површина или удар во столбче - граничник	51	
В)	Несиметрично паркирање во определена паркинг површина	15	
Г)	Неуспешно паркирање и по вториот обид	51	
	5. Тргнување со возилото на нагорнина со употреба на рачна (помошна) кочница-сопирачка		
А)	Неупотребување на рачната (помошната) кочница-сопирачка	51	
Б)	Возилото не може да тргне напред или моторот се гаси	30	
В)	Враќање на возилото наназад при тргнување	30	
Г)	Неуспешно поаѓање и по втор обид	51	

Вкупен број на негативни поени: _____

Кандидатот _____, овој дел од испитот:
го положи/не го положил

(непотребното да се прецрта)
ИСПИТНА КОМИСИЈА:
Претседател: _____,
член-испитувач: _____ и
член-испитувач: _____

*Отценувањето се врши со маркирање во празните полиња со Х, вкупниот број на негативни поени преставува збир од сите маркирани полиња.

Образец бр. 1-б

Испитен центар „ _____“ -
_____

ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ
за практичен дел (полигон) од возачкиот испит за категорија „А1“, „А2“ и „А“

Кандидатот за возач,

_____
(име, име на родител и презиме)

Број на лична карта _____ издадена од СВР - _____

Датум на полагање _____ 20 _____ година, испит за категорија _____

ДЕЈСТВИЈА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ			**НЕГАТИВНИ ПОЕНИ** Маркирај во полето (Х)
	1. Поаѓање со возилото од место, одржување правец и рамнотежа при движење по права линија со должина од 30 m и ширина од 0.25 m со промена од прв во втор степен на пренос		
А)	Стартување на моторот во работа со вклучен степен на пренос	**20**	
Б)	Предвремено, задоцнето или нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот	**10**	
В)	Неправилно седење и држење на телото на возилото (седи искривено или неправилно го држи телото - наведнато напред, односно назад)	**20**	
Г)	Неправилно изведување на дејствијата со раце и нозе при менување на степен на пренос (гледа во управувачот и рачните команди, односно менувачот на степените на пренос)	**10**	
Д)	Грубо менување на степените на пренос или неприлагодување на брзината на движење за променување согласно соодветниот степен на пренос	**15**	
Ѓ)	Неменување од прв во втор степен на пренос на определената должина	**30**	
Е)	Неодржување на правец или рамнотежа при движењето (излегува со најмалку едно тркало од ширината на обележаната линија или се допира со една или обете нозе на коловозната површина)	**51**	

Ж)	Не застанување во определениот простор за запирање (пред стоп линијата за запирање со предното тркало)	51	
З)	Неправилно поставување на степенот на пренос (неутрална положба) на мотоциклот, слегување од него и туркање надвор од просторот на обележаната линија	20	

	2.Движење помеѓу осум чунови во обележана површина (лента) со должина од 30 m и ширина од 2 m							
А)	Помагање со најмалку една нога за одржување на правец по траекторија (патека) на движењето, односно допирање на коловозната површина	15						
Б)	Гаснење на моторот при движење	20						
В)	Застанување со возилото во просторот на обележаната површина	15						
Г)	Газење или изместување на еден чун од предвидените позиции на истите со возилото (со нога или со мотоциклот)	15						
Д)	Газење со најмалку едно тркало или преминување преку обележаните линии (надолжни рабни линии) од определената ширина	51						
Ѓ)	Непоминување во определените простори помеѓу два чуна	51						

	ВОЗЕЊЕ ВО И НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО (практичен дел)							
		НЕГАТИВНИ ПОЕНИ Маркирај во полето (Х)						
	1. Знаење и вештина за безбедно управување со возилото							
А)	Предвремено, задоцнето или нагло пуштање на педалото на спојката	10						
Б)	Неправилна употреба на командите и менување на степените на пренос	15						
В)	Неправилно држење или вртење со управувачот на возилото	10						
Г)	Неправилна употреба на командите и сопирачките на возилото	10						
Д)	Неправилно ракување или користење на командите за светлосно-сигнални уреди на возилото	10						
Ѓ)	Не го следи сообраќајот околу себе и не ги користи возачките ретровизори	10						
Е)	Неприлагодување на брзината кон состојбата на патот и сообраќајот	15						
Ж)	Неправилно управување со возилото во кривина или раскрсница	15						
З)	Неправилно управување со возилото на надолнина	10						
S)	Невнимателно однесување кон другите учесници во сообраќајот	15						
И)	Недржење на правец на движење, страна на движење или не се движи во пропишана сообраќајна лента за категоријата на возилото (мотоциклот)	51						
J)	Неправилно движење со возилото на коловозот, во рамките на сообраќајната лента или преминување преку работ на коловозот	51						

К)	Незастанување со возилото при наидување на возило означено за организиран превоз на деца кое е застанато заради влегување и излегувње на деца	51						
	2. Примена на правилата и прописите во сообраќајот							
А)	Движење со брзина над пропишаната	51						
Б)	Непочитување на правилата за првенство на минување	51						
В)	Непочитување на правилата за првенство на минување на возила под придружба и возилата со право на првенство на минување	51						
Г)	Непрописно престигнување на колона на возила	51						
Д)	Непрописно престигнување или обиколување	15						
Ѓ)	Непропуштање на пешаци на пешачки премин, на раскрсница или организирана колона од пешаци	30						
Е)	Непрописна или неправилна употреба на светла во сообраќајот	10						
Ж)	Непрописно или неправилно држење на растојание помеѓу возилата	10						
З)	Необезбедување странично безбедно растојание при движење покрај останатите учесници во сообраќајот	15						
S)	Непочитување на светлосни сообраќајни знаци или знаци од униформирано службено лице	51						
И)	Непочитување на светлосни или звучни сообраќајни знаци на патен премин преку железничка пруга	51						
Ј)	Непрописно престројување пред обележана или необележана крстосница	20						
К)	Непрописно свртување на крстосница и вклучување на страничен пат или во пропишана сообраќајна лента	20						
Љ)	Непрописно разминување	10						
М)	Непрописна или неправилна употреба на знаци за предупредување	10						

Вкупен број на негативни поени: _____

Кандидатот _____, овој дел од испитот: го положи/не го положи
(непотребното да се прецрта)

ИСПИТНА КОМИСИЈА:

Претседател:_____
член-испитувач:_____ и
член-испитувач:_____

*Отценувањето се врши со маркирање во празните полиња со Х, вкупниот број на негативни поени преставува збир од сите маркирани полиња.

Образец бр. 2

Испитен центар „ _____“ - _____

ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ
за втор практичен дел од возачкиот испит на

Кандидатот за возач,_____
(име, име на родител и презиме)

Број на лична карта _____ издадена од СВР - _____

Датум на полагање _____ 20 ___ година, испит за категорија _____,/национална

категорија „Ф“

ДЕЈСТВА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ		**НЕГАТИВНИ ПОЕНИ** Маркирај во полето (Х)						
	1. Знаење и вештина за безбедно управување со возилото							
А)	Предвремено, задоцнето или нагло пуштање на педалото на спојката	**10**						
Б)	Неправилна употреба на помошна (рачна) кочница	**10**						
В)	Неправилно менување на степените на пренос	**15**						
Г)	Неправилно држење или вртење на управувачот (воланот) на возилото	**10**						
Д)	Неправилна употреба на работната кочница	**10**						
Ѓ)	Недржење на страна или правец на движење на возилото	**51**						
Е)	Неправилно управување со возилото во кривина или раскрсница	**15**						
Ж)	Удирање со возилото во работ на коловозот	**51**						
З)	Неправилно управување со возилото на надолнина	**10**						
S)	Неправилно ракување или користење на команди за светлосно-сигнални уреди	**10**						
И)	Неследење на сообраќајот и некористење на возачките огледала	**10**						
Ј)	Неприлагодување на брзина кон состојбата на патот и сообраќајот	**20**						
К)	Невнимателно однесување кон други учесници во сообраќајот	**15**						
Л)	Непочитување на првенство на минување на крстосница регулирана со сообраќајни знаци	**51**						
Љ)	Незастанување со возилото при наидување на возило означено за организиран превоз на деца кое е застанато заради влегување и излегувње на деца	**51**						

	2. Примена на правилата и прописите во сообраќајот							
А)	Движење со неприлагодена брзина	**30**						
Б)	Непочитување на правилата за првенство на минување	**51**						

В)	Непочитување на правилата за првенство на минување на возила под придружба и возилата со право на првенство на минување	51						
Г)	Непрописно престигнување на колона на возила	51						
Д)	Непрописно престигнување или обиколување	15						
Ѓ)	Непропуштање на пешаци на пешачки премин, на раскрсница или организирана колона од пешаци	30						
Е)	Непрописна или неправилна употреба на светла во сообраќајот	10						
Ж)	Непрописно или неправилно држење на растојание помеѓу возилата	10						
З)	Необезбедување странично безбедно растојание при движење покрај останатите учесници во сообраќајот	15						
S)	Непочитување на светлосни сообраќајни знаци или знаци од униформирано службено лице	51						
И)	Непочитување на светлосни или звучни сообраќајни знаци на патен премин преку железничка пруга	51						
Ј)	Непрописно престројување пред обележана или необележана крстосница	20						
К)	Непрописно свртување на крстосница и вклучување на страничен пат или во пропишана сообраќајна лента	20						
Л)	Непрописно разминување	10						
Љ)	Непрописна или неправилна употреба на знаци за предупредување	10						
М)	Непочитување на останати сообраќајни знаци	20						

Вкупен број на негативни поени: _____

Кандидатот _____, овој дел од испитот: го положи/не го положи
(непотребното да се прецрта)

ИСПИТНА КОМИСИЈА:

Претседател:_____
член-испитувач:_____ и
член-испитувач:_____

*Отценувањето се врши со маркирање во празните полиња со Х, вкупниот број на негативни поени преставува збир од сите маркирани полиња.

Образец бр. 3

_____
(Испитен центар)
Број _____
_____ 20 ____ година
_____
(Место)

У В Е Р Е Н И Е

ЗА ПОЛОЖЕН ВОЗАЧКИ ИСПИТ

Кандидатот _____, роден-а _____ година, во _____, со живеалиште/престојувалиште во _____, полагал-а на _____ година и со успех го положил-а возачкиот испит за управување со:

- моторно возило од категорија _____

Раководител на испитен центар

_____

М.П.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА **Образец бр.4**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 240 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, министерството за внатрешни работи издаде

Л И Ц Е Н Ц А

З А И С П И Т Е Н Ц Е Н Т А Р

Се овластува правното лице

со седиште во и единствен даночен број да врши работи на ***ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИ ИСПИТ ЗА КАНДИДАТ ЗА ВОЗАЧ*** за период од 5 години од денот на издавање на оваа лиценца.

Датум Министер за внатрешни работи

_____ _____

М. П.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

3354.

Врз основа на член 3-б став (10) од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија” бр. 4/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16), министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ДАВАТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг.

Член 2

Барањето за добивање на дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/16).

Бр.13-10366/1
20 јули 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Кирил Миноски**, с.р.

ПРИЛОГ

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ
ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ДАВАТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

Од_____

(име и презиме на физичко лице / назив на правното лице, подносител на барањето)

_____

(адреса на физичко лице / седиште на правното лице, подносител на барањето)

Датум _____
Место _____

Подносител на барањето

_____

М.П (*)

(*) За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.

3355.

Врз основа на член 3-и став (7) од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија” бр. 4/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16), министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРЕТХОДНА СОГЛАСНОСТ НА ДАВАТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на претходна согласност за именување на член на орган на управување, за промена во сопственичката структура и за промена на основната главнина на давател на финансиски лизинг.

Член 2

Барањето за добивање на претходна согласност од член 1 на овој правилник се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Барањето од ставот 1 на овој член ги содржи следните податоци:

- орган до кој се поднесува барањето,
- наслов на барањето,
- поле за именување на член на орган на управување,
- поле за промена во сопственичката структура,
- поле за промена на основната главнина,
- назив на давателот на финансиски лизинг подносител на барањето,
- седиште на давателот на финансиски лизинг подносител на барањето,
- краток опис поради кој се поднесува барањето,
- датум и место,
- потпис на подносителот на барањето и
- место за печат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/16).

Бр.13-10367/1
20 јули 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Кирил Миноски**, с.р.

ПРИЛОГ

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ
ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРЕТХОДНА СОГЛАСНОСТ НА ДАВАТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

☐ За именување на член на орган на управување

☐ За промена во сопственичката структура

☐ За промена на основната главнина

Од_____

(назив на давателот на финансиски лизинг подносител на барањето)

_____

(седиште на давателот на финансиски лизинг подносител на барањето)

Краток опис поради кој се поднесува барањето:_____
_____
_____

Датум _____
Место _____

Подносител на барањето

_____

М.П (*)

(*) За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.

3356.

Врз основа на член 8 став (7) од Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија” бр.158/10, 53/11, 112/14, 153/15 и 23/16), министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ФИНАНСИСКО ДРУШТВО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво.

Член 2

Барањето за добивање на дозвола за основање и работа на финансиско друштво се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината и формата на обрасците на барањето за добивање дозвола за основање и работа на финансиско друштво и дозвола за статусни промени („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/11 и 54/14).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија‘‘ бр. 23/16).

Бр.13-10368/1
20 јули 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Кирил Миноски**, с.р.

ПРИЛОГ

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТА НА ФИНАНСИСКО ДРУШТВО

Од_____

(име и презиме на физичко лице / назив на правното лице, подносител

на барањето)

_____

(адреса на физичко лице / седиште на правното лице, подносител на барањето)

Датум _____
Место _____

Подносител на барањето

_____

М.П (*)

(*) За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.

3357.

Врз основа на член 17 став (9) од Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 53/11, 112/14, 153/15 и 23/16), министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРЕТХОДНА СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКО ДРУШТВО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на претходна согласност на финансиско друштво.

Член 2

Барањето за добивање на претходна согласност на финансиско друштво се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Барањето од ставот 1 на овој член ги содржи следните податоци:

- орган до кој се поднесува барањето,
- наслов на барањето,
- поле за именување на член на орган на управување,
- поле за промена во сопственичката структура,
- поле за промена на основната главнина,
- поле за проширување на обемот на финансиски активности,
- назив на правното лице подносител на барањето,
- седиште на правното лице подносител на барањето,
- краток опис поради кој се поднесува барањето,
- датум и место,
- потпис на подносителот на барањето и
- место за печат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва („Службен весник на Република Македонија'' бр. 23/16).

Бр.13-10369/1
20 јули 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Кирил Миноски**, с.р.

ПРИЛОГ

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРЕТХОДНА СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКО ДРУШТВО

☐ За именување на член на орган на управување

☐ За промена во сопственичката структура

☐ За промена на основната главнина

☐ За проширување на обемот на финансиски активности

Од_____

(назив на правното лице подносител на барањето)

_____

(седиште на правното лице подносител на барањето)

Краток опис поради кој се поднесува барањето:_____
_____
_____

Датум _____
Место _____

Подносител на барањето

_____

М.П (*)

(*) За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

3358.

Врз основа на член 21 став 11 од Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15 и 53/16), министерот за економија, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И ПЕРИОДИЧНИ ИСПИТУВАЊА НА ПРАВНИ ЛИЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на правни лица.

Член 2

Барањето за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на правни лица се поднесува на образец на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на правното лице („Службен весник на Република Македонија“ бр. 175/11).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/16).

Бр. 25-3144/5
13 јули 2016 година
Скопје

Министер за економија,
Дритон Кучи, с.р.

ПРИЛОГ

ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Државен инспекторат за техничка инспекција

Б А Р А Њ Е
за формата и содржината на барањето за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на правни лица

Бараме да ни издадете овластување за вршење на технички преглед и периодични испитувања од областа на:

_____

_____

Назив на правното лице-подносител на барањето : _____

Седиште на правното лице – подносител на барањето : _____

Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС): _____

Единствен даночен број на субјектот (ЕДБС): _____

Лице за контакт: _____

Телефон за контакт _____

Електронска адреса (е-маил) _____

Подносител на барање

_____

Скопје, __. __. 201_ година.

3359.

Врз основа на член 21-а став 7 од Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 61/15, 154/15 и 53/16), министерот за економија, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И ПЕРИОДИЧНИ ИСПИТУВАЊА НА НЕЗАВИСНИ ПРАВНИ ЛИЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на независни правни лица.

Член 2

Барањето за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на независни правни лица се поднесува на образец на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/16).

Бр. 25-3598/3
13 јули 2016 година
Скопје

Министер за економија,
Дритон Кучи, с.р.

ПРИЛОГ

ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Државен инспекторат за техничка инспекција

Б А Р А Њ Е

формата и содржината на барањето за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на независни правни лица

Бараме да ни издадете овластување за вршење на технички преглед и периодични испитувања од областа на:

_____

_____

Назив на правното лице-подносител на барањето : _____

Седиште на правното лице – подносител на барањето : _____

Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС): _____

Единствен даночен број на субјектот (ЕДБС): _____

Лице за контакт: _____

Телефон за контакт _____

Електронска адреса (е-маил) _____

Подносител на барање

_____

Скопје, __. __. 201_ година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

3360.

Врз основа на член 126 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 и 132/16), министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество и администрација, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА СТАРОСНА ПЕНЗИЈА, СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА, ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА И ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето и потребната документација за остварување право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување.

Член 2

(1) Барањето за остварување право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување се поднесува на образец П-1, кој се печати на хартија со бела боја во А-4 формат.

(2) Барањето од став (1) на овој член е дадено во прилог и е составен дел на овој правилник.

(3) Образецот П-1 од став (1) на овој член ги содржи следните податоци: назив за субјектот до кој се поднесува барањето, број и датум на барањето, наслов на барањето, општи податоци за подносителот на барањето и видот на правото, за старосна пензија: податоци за времето поминато во пензиско и инвалидско осигурување кај странски носители на осигурување, остварено право на пензија во друга држава, видот на оствареното право и држава во која е остварено правото, за семејна пензија: податоци за починатиот осигуреник, односно корисник на пензија, податоци за времето поминато во пензиско и инвалидско осигурување кај странски носители на осигурување за починатиот осигуреник односно корисник на пензија, податоци за остварено право на пензија во друга држава, видот на оствареното право и држава во која е остварено правото, податоци за членовите на семејството на починатиот осигуреник или корисник на пензија за кои се бара признавање право на семејна пензија, остварено право на пензија на член на семејството во друга држава, видот на оствареното право и држава во која е остварено правото, за инвалидска пензија: податоци за време поминато во пензиско и инвалидско осигурување кај странски носители на осигурување, податоци за остварено право од пензиско и инвалидско осигурување или рента кај странски носители на осигурување, држава во која е остварено правото, видот на оствареното право и податоци дали барањето е во постапка за задолжителен контролен преглед, за паричен надоместок за телесно оштетување: податоци за времето поминато во пензиско и инвалидско осигурување кај странски носители на осигурување, остварено право на пензија во друга држава, вид на оствареното право и држава во која е остварено правото, лични изјаснувања за членство во здружение на пензионери и солидарен фонд и користење право од пензиско и инвалидско осигурување, согласност на подносителот на барањето за користење на личните податоци во постапка на остварување на правото, датум на поднесување на барањето, место за потпис на подносителот на барањето, податоци кои се прибавуваат по службена должност и прилози кои се доставуваат заедно со барањето.

Член 3

(1) За остварување право на старосна пензија, кон барањето од член 2 од овој правилник од страна на подносителот на барањето се приложува лична карта на увид.

(2) Доколку подносителот на барањето бил пријавен во социјално осигурување во друга држава, отслужил воен рок или бил вработен во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или во казнено - поправни и воспитно - поправни установи, кон барањето од член 2 од овој правилник се доставува и следната документација:

- доказ за социјално осигурување во другата држава,
- уверение од Министерство за одбрана за отслужен воен рок и
- решение за престанок на работниот однос (оригинал или копија заверена на нотар) од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или казнено - поправни и воспитно - поправни установи.

(3) Податоци кои се прибавуваат од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фондот) по службена должност се:

- податоци за стаж на осигурување и плати од матичната евиденција на Фондот за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување и
- податоци од службена евиденција која ја води друг јавен орган, односно друг субјект кој води регистар за податоци.

Член 4

(1) За остварување право на семејна пензија, кон барањето од член 2 од овој правилник од страна на подносителот на барањето се приложува лична карта на увид и се доставува следната документација:

- потврда за статус на ученик, односно студент издадена од соодветна образовна институција,

- доказ за социјално осигурување во другата држава, доколку починатиот осигуреник односно корисник на пензија работел во друга држава и

- уверение од Министерство за одбрана за отслужен воен рок за починатиот осигуреник, доколку отслужил воен рок.

(2) Доколку барањето за остварување право на семејна пензија се поднесува по основ на неспособност за самостоен живот и работа, покрај документацијата од став (1) на овој член се доставува и:

- предлог за медицинско вештачење со наод и мислење за здравствената состојба на осигуреникот (Предлог за медицинско вештачење -Образец бр.3) којшто го пополнува матичниот лекар и

- оригинална медицинска документација потребна за дијагностицирање на болеста.

(3) Податоци кои се прибавуваат од страна на Фондот по службена должност се:

- податоци за стаж на осигурување и плати од матичната евиденција на Фондот за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување,

- податоци од службена евиденција која ја води друг јавен орган, односно друг субјект кој води регистар за податоци и

- извод од матична книга на родените, извод од матична книга на умрените и извод од матична книга на венчаните.

Член 5

(1) За остварување право на инвалидска пензија, кон барањето од член 2 од овој правилник од страна на подносителот на барањето се приложува лична карта на увид и се доставува следната документација:

- предлог за медицинско вештачење со наод и мислење за здравствената состојба на осигуреникот (Предлог за медицинско вештачење -Образец бр.3) којшто го пополнува матичниот лекар.

- општи податоци и описи на работите на работното место на работникот и

- оригинална медицинска документација потребна за дијагностицирање на болеста.

(2) Доколку подносителот на барањето бил пријавен во социјално осигурување во друга држава, отслужил воен рок или бил вработен во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или казнено - поправни и воспитно - поправни установи, кон барањето од член 2 од овој правилник се доставува и следната документација:

- доказ за социјално осигурување во другата држава,

- уверение од Министерство за одбрана за отслужен воен рок и

- решение за престанок на работниот однос (оригинал или копија заверена на нотар) од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана или казнено - поправни и воспитно - поправни установи.

(3) Податоци кои се прибавуваат од страна на Фондот по службена должност се:

- податоци за стаж на осигурување и плати од матичната евиденција на Фондот за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување и

- податоци од службена евиденција која ја води друг јавен орган, односно друг субјект кој води регистар за податоци.

Член 6

(1) За остварување право на паричен надоместок за телесно оштетување, кон барањето од член 2 од овој правилник од страна на подносителот на барањето се приложува лична карта на увид и се доставува медицинска документација која укажува на постоењето на телесно оштетување.

(2) Доколку подносителот на барањето бил пријавен во социјално осигурување во друга држава, се доставува и доказ за социјално осигурување во другата држава.

(3) Податоци кои се прибавуваат од страна на Фондот по службена должност се:

- податоци за стаж на осигурување и плати од матичната евиденција на Фондот за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување и

- податоци од службена евиденција која ја води друг јавен орган, односно друг субјект кој води регистар за податоци.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.08/3-3102/2
25 јули 2016 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
Марта Арсовска Томовска, с.р.

Бр. 09-5257/1
21 јули 2016 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
Диме Спасов, с.р.

Прилог

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

- Стручна служба –

- Филијала/Деловница –

_____

_____20___ год.

Образец П-1

Б А Р А Њ Е

за остварување право на старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија и паричен надоместок за телесно оштетување

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

_____ _____

Име, презиме (моминско презиме) ЕМБГ

_____ _____ _____

Ден,месец и година на раѓање Место на раѓање Државјанство

Адреса _____ _____ _____ _____

Улица број место општина

Број на телефон _____ Е-маил адреса_____

Вид на правото (се заокружува редниот број на правото) :

1. СТАРОСНА ПЕНЗИЈА

2. СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА

3. ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА

4. ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ

1.СТАРОСНА ПЕНЗИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ВРЕМЕТО ПОМИНАТО ВО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ КАЈ СТРАНСКИ НОСИТЕЛИ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Времетраење држава докази

од _____ до _____ _____ _____

од _____ до _____ _____ _____

Остварено право на пензија во друга држава ДА НЕ

Видот на оствареното право _____

Држава во која е остварено правото _____.

2.СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ПОЧИНАТИОТ ОСИГУРЕНИК/КОРИСНИК НА ПЕНЗИЈА -

_____ _____

Име и презиме ЕМБГ

Датум на смрт _____ Корисник на пензија со пензиски број _____

ПОДАТОЦИ ЗА ВРЕМЕТО ПОМИНАТО ВО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ КАЈ СТРАНСКИ НОСИТЕЛИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПОЧИНАТИОТ ОСИГУРЕНИК/КОРИСНИК НА ПЕНЗИЈА

Времетраење држава докази

од _____ до _____ _____ _____

од _____ до _____ _____ _____

Остварено право на пензија во друга држава ДА НЕ

Видот на оствареното право _____Држава во која е остварено правото _____

ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО НА ПОЧИНАТИОТ ОСИГУРЕНИК ИЛИ КОРИСНИК НА ПЕНЗИЈА ЗА КОИ СЕ БАРА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА

Презиме и име	Дата на раѓање	Матичен број	Сродство	Адреса

Остварено право на пензија на член на семејството во друга држава ДА НЕ

Видот на оствареното право_____
Држава во која е остварено правото_____

3.ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА

ПОДАТОЦИ ЗА ВРЕМЕТО ПОМИНАТО ВО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ КАЈ СТРАНСКИ НОСИТЕЛИ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Времетраење		држава	докази
од _____	до _____	_____	_____
од _____	до _____	_____	_____

Остварено право од ПИО или рента кај странски носители на осигурување ДА НЕ
Држава во која е остварено правото _____.
Видот на оствареното право _____
Дали барањето е во постапка за задолжителен контролен преглед ДА НЕ

4.ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ

ПОДАТОЦИ ЗА ВРЕМЕТО ПОМИНАТО ВО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ КАЈ СТРАНСКИ НОСИТЕЛИ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Времетраење		држава	докази
од _____	до _____	_____	_____
од _____	до _____	_____	_____

Остварено право на пензија во друга држава ДА НЕ
Видот на оствареното право _____
Држава во која е остварено правото _____.

ЛИЧНИ ИЗЈАСНУВАЊА

- Членство во здружение на пензионери и солидарен фонд ДА НЕ
- Подносителот на барањето користи право од пензиско и инвалидско осигурување ДА НЕ

*Изјавувам дека сум согласен моите лични податоци да се користат за размена и прибирање на податоци за водење на управна постапка ДА НЕ

Датум на поднесување на барањето _____20___ год.

Потпис на подносителот на барањето _____

I ПОДАТОЦИ КОИ ГИ ПРИБАВУВА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ:

- податоци за стаж на осигурување и плати кои ги води во матичната евиденција за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување
- податоци од службена евиденција која ја води друг јавен орган, односно друг субјект кој води регистар за податоци
- извод од матична книга на родените, извод од матичната книга на умрените и извод од матичната книга на венчаните.

II ПРИЛОЗИ ДОСТАВЕНИ КОН БАРАЊЕТО КОИШТО ГИ ДОСТАВУВА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО (се заокружува редниот број)

1. Доказ за социјално осигурување во друга држава

2. Уверение од Министерство за одбрана за отслужен воен рок

3. Решение за престанок на работниот однос (оригинал или копија заверена на нотар), за осигуреници кои работеле во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и казнено - поправни и воспитно - поправни установи

4. Потврда за статус на ученик, односно студент

5. Предлог за медицинско вештачење со наод и мислење за здравствената состојба на осигуреникот (Предлог за медицинско вештачење -Образец бр.3)

6. Медицинска документација

7. Општи податоци и описи на работите на работното место на работникот

8. Други докази:----------

потпис на подносителот на барањето

_____

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3361.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 и член 43 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 06/16 и 53/16) и членовите 28 и 45 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13 и 33/15), постапувајќи по барањето на Друштвото за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. „Ванчо Прке“ бр.18. Струмица, на седницата одржана на 22.7.2016 година донесе

О Д Л У К А
ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство со електрична енергија издадена со Одлука УП1 бр. 07-181/14 од 2.3.2015 година, („Службен весник на РМ“ бр. 32/2015) на Друштвото за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ Струмица, се менува поради зголемување на моќноста со вградување на дополнително уште еден генератор со моќност 132 kW.

2. Изменетата лиценца е прилог 2 на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-181/14
22 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

Друштво за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. Ванчо Прке бр.18. Струмица

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценца

2.3.2015 година

4. Датум на важење на лиценца

2.3.2050 година

5. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ – 209.01.1/14/02/16

6. Број на деловниот субјект – 6566413

7. Единствен даночен број – 4027010510830

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во мала хидроцентрала, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во мала хидроцентрала „МХЕЦ Топлец“ на КП бр. 468 КО Нов Дојран вон градско подрачје.

10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со произведен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

12. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштво за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. „Ванчо Прке“ бр.18. Струмица, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;

- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;

- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;

- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и

- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;

- за заштита при работа;

- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година.

15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

18. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

VI. Податоци за мала хидроцентрала МХЕЦ „ТОПЛЕЦ“

1. име на мала хидроцентала – „МХЕЦ Топлец “;
2. општи податоци:
- година на почеток на градба - 2013 година,
- година на завршеток на градба - 2015 година,
- година на почеток на работа – 2016 година,
- проценет животен век на МХЕЦ - 35 години.
3. податоци за турбини
- Францис хоризонтални,
- моќност 212 kW +90 kW,
- инсталиран проток 0,445 m3/s и 0,220 m3/s,
- номинален пад 58,49 m,
- брзина на вртење 1.000 min-1
4. податоци за генератор
- број на производни единици - 2,
- генератори трофазен синхрони SFW 200-6/740, АИР 315 М 6У3
- моќност 200 kW +132 kW,
- брзина на вртење 1.000 min-1
5. трансформатор – 400 kVA.

3362.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22, став 1, точка 2, а во врска со член 25 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16 и 53/16) на седницата одржана на ден 26.7.2016 година, донесе

ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Член 1

(1) Во Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија бр.99/13, 113/14 и 127/15) во член 3-а, став (5), се менува и гласи:

(5) Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите потрошувачи е:

Домаќинства : Образование : Останати = 1,0 : 1,0 : 1,4”

Член 2

(1) Членот 11 се менува и гласи:

„Член 11

(1) Фиксен дел од вкупниот надомест за произведена топлинска енергија (надоместок за системски услуги и системска резерва), се состои од:

1) фиксен дел од оперативни трошоци;

2) амортизација на средства и

3) принос на средства одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги.

(2) Одобрениот фиксен дел од надоместокот за произведена топлинска енергија на ниво на регулиран производител, од став 1 на овој член, Регулираниот производител го фактурира на Дистрибутерот на 12 месечни рати (Nrprfm). “

Член 3

(1) Членот 12 се менува и гласи:

„Член 12

(1) Варијабилниот дел од надоместокот за произведена топлинска енергија се состои од трошоците за гориво и варијабилен дел од оперативните трошоци одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги.

(2) Варијабилниот дел од надоместокот на топлинска енергија за произведена топлинска енергија овозможува дефинирање на тарифниот став за потрошена топлинска енергија изразена во денари/kWh. “

Член 4

(1) Членот 13 се менува и гласи:

„ Член 13

(1) Произведена топлинска енергија (Erpr) изразена во kWh од страна на Регулираниот производител е предадена топлинска енергија во дистрибутивниот систем согласно Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги.

(2) Варијабилниот дел од надоместокот за произведена топлинска енергија се состои од трошоци за гориво пооделно за типот на гориво и варијабилен дел од оперативните трошоци и истиот се пресметува на следниов начин:

$$Nrprv = \Sigma Nrprvgi + Nrprvop$$

Nrprv	- варијабилен дел од надоместок на регулиран производител;	[денари]
Nrprvgi	- варијабилен дел од надоместок на регулиран производител за соодветен тип на гориво;	[денари]
Nrprvop	- варијабилен дел од оперативните трошоци	[денари]

Тарифниот став за произведена топлинска енергија (денари/kWh) на ниво на Регулиран производител, се одредува на следниов начин:

Crprv = Nrprv/ Erpr

Crprv	- тарифен став за произведена топлинска енергија (варијабилен дел) на ниво на регулиран производител;	[денари/kWh]
Nrprv	- варијабилен дел од надоместок на регулиран производител;	[денари]
Erpr	- произведена топлинска енергија на праг на регулиран производител;	[kWh] “

Член 5

(1) Членот 15 се менува и гласи:

„ Член 15

(1) Фиксниот дел од надоместокот за услугата дистрибуција на топлинска енергија се состои

од:

1) фиксен дел од оперативни трошоци;

2) амортизација на средства и

3) принос на средства одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги.

(2) Одобрениот фиксен дел од надоместокот за услугата дистрибуција на топлинска енергија на ниво на дистрибутер, од став 1 на овој член, дистрибутерот го фактурира на снабдувачот на 12 месечни рати (Ndm).

Ndm = Ndf/12

Ndm	- месечен надоместок за услугата дистрибуција на топлинска енергија;	[ден/месец]
Ndf	- годишен надоместок за услугата дистрибуција на топлинска енергија;	[ден/година] “

Член 6

(1) Членот 21 се менува и гласи:

„ Член 21

(1) Фиксниот дел од надоместокот за услугата снабдување со топлинска енергија се состои од:

1) фиксен дел од оперативни трошоци;

2) амортизација на средства и

3) маржа за снабдување одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги.

(2) Одобрениот фиксен дел од надоместокот за услугата снабдување со топлинска енергија, од став 1 на овој член, снабдувачот го фактурира на потрошувачите на 12 месечни рати како дел од вкупниот фиксен дел од збирниот надомест за топлинска енергија од сите мерни места (Nsm).

Nsm = Nsf/12

Nsm	- месечен надоместок за услугата снабдување со топлинска енергија;	[ден/месец]
Nsf	- годишен надоместок за услугата снабдување со топлинска енергија;	[ден/година]

Член 7

(1) Членот 26-а се менува и гласи:

„Член 26-а

(1) Со релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи, согласно член 3 став (5), се дефинира:

1) тарифен став за ангажирана топлинска моќност (денари/kW) на ниво на мерно место за категоријата домаќинства,

2) тарифен став за ангажирана топлинска моќност (денари/kW) на ниво на мерно место за категоријата образование, и

3) тарифен став за ангажирана топлинска моќност (денари/kW) на ниво на мерно место за категоријата останати.

(2) Тарифните ставови за ангажирана топлинска моќност (денари/kW) на ниво на мерно место од став (1) на овој член, се пресметуваат на следниов начин:

$$\Sigma Nmmf = Cmmfd * \Sigma Wmmd + Cmmfb * \Sigma Wmmb + Cmmfo * \Sigma Wmmo$$

$$Cmmfb = 1,0 * Cmmfd$$

$$Cmmfo = 1,4 * Cmmfd$$

$$Cmmfd = \Sigma Nmmf / (\Sigma Wmmd + 1,0*\Sigma Wmmb + 1,4*\Sigma Wmmo)$$

Cmmfd	- тарифен став за ангажирана топлинска моќност за категорија домаќинства на ниво на мерно место;	[денари/kW]
Cmmfb	- тарифен став за ангажирана топлинска моќност за категорија образование на ниво на мерно место;	[денари/kW]

Cmmfo	- тарифен став за ангажирана топлинска моќност за категорија останати на ниво на мерно место;	[денари/kW]
ΣNmmf	- фиксен дел од збирен надомест за топлинска енергија од сите мерни места;	[денари]
ΣWmmd	- збир на ангажирана топлинска моќност од категорија домаќинства од сите мерни места;	[kW]
ΣWmmb	- збир на ангажирана топлинска моќност од категорија образование од сите мерни места;	[kW]
Σwmmo	- збир на ангажирана топлинска моќност од категорија останати од сите мерни места.”	[kW]

Член 8

(1) Членот 28-а се менува и гласи:

„Член 28-а

(1) Со релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи, согласно член 3 став (5), се дефинира:

1) тарифен став за ангажирана топлинска моќност (денари/kWh) на ниво на мерно место за категоријата домаќинства,

2) тарифен став за ангажирана топлинска моќност (денари/kWh) на ниво на мерно место за категоријата образование, и

3) тарифен став за ангажирана топлинска моќност (денари/kWh) на ниво на мерно место за категоријата останати.

(2) Тарифните ставови за потрошена топлинска енергија (денари/kWh) на ниво на мерно место од став (1) на овој член, се пресметуваат на следниов начин:

$$\Sigma Nmmv = Cmmvd * \Sigma Emmd + Cmmvb * \Sigma Emmb + Cmmvo * \Sigma Emmo$$

$$Cmmvb = 1{,}0 * Cmmvd$$

$$Cmmvo = 1{,}4 * Cmmvd$$

$$Cmmvd = \Sigma Nmmv / (\Sigma Emmd + 1{,}0*\Sigma Emmb + 1{,}4*\Sigma Emmo)$$

Cmmvd	- тарифен став за потрошена топлинска енергија на ниво на мерно место за категоријата потрошувачи домаќинства;	[денари/kWh]
Cmmvb	- тарифен став за потрошена топлинска енергија на ниво на мерно место за категоријата потрошувачи образование;	[денари/kWh]
Cmmvo	- тарифен став за потрошена топлинска енергија на ниво на мерно место за категоријата потрошувачи останати;	[денари/kWh]
ΣNmmv	- варијабилен дел од збирен надомест за топлинска енергија од сите мерни места;	[денари]
Σemmd	- збир на потрошена топлинска енергија од категорија потрошувачи домаќинства од сите мерни места;	[kWh]
Σemmb	- збир на потрошена топлинска енергија од категорија потрошувачи образование од сите мерни места;	[kWh]
Σemmo	- збир на потрошена топлинска енергија од категоријата потрошувачи останати од сите мерни места.”	[kWh]

Член 9

(1) Членот 42 се менува и гласи:

„Член 42

(1) Задолжувањето со варијабилниот дел од вкупниот надоместокот за топлинска енергија во 12 месечни фактури се врши на следниот начин:

- За месеците од август до април, се изготвуваат фактури за авансен варијабилен надоместок за грејната сезона. Со фактурите за месеците мај, јуни и јули се врши израмнување на варијабилниот дел, согласно потрошената топлинска енергија во грејната сезона од октомври до април и фактурираниот износ за варијабилниот дел од август до април.

(2) Месечниот авансен варијабилен дел од вкупниот надоместокот на мерно место за постојните објекти, се пресметува преку прогнозираната количина на топлинската енергија на мерното место за претстојната грејна сезона согласно член 41 и соодветниот тарифен став, поделено на 12 месечни рати.

(3) Месечниот авансен варијабилен дел од надоместок за нови објекти, се пресметува како за постојните објекти со тоа што ангажираната моќност е еднаква на инсталираната моќност од термотехничкиот проект на објектот.

(4) Доколку износот на задолжување е помал или еднаков на аванснио надоместок, целиот износ ќе се одобри во фактурата за месец мај.

(5) Доколку збирот на задолжениот авансен варијабилен дел од вкупниот надоместокот на мерно место во периодот е поголем од надоместокот за топлинска енергија за периодот, разликата ќе му биде

одобрена за најстарата неплатена фактура, ако кај потрошувачот има достасани неплатени фактури или ќе му биде вратена разликата ако сите фактури му се платени. “

Член 10

(1) Членот 43 се менува и гласи:

„Член 43

(1) Задолжувањето со варијабилниот дел од вкупниот надоместокот на мерно место за топлинска енергија во 8 месечни фактури е поделено на два периоди на следниот принцип на следниот принцип:

- За месеците од август до април, се изготвуваат фактури за авансен варијабилен надоместок за грејната сезона. Со фактурата за месец мај, се врши израмнување на варијабилниот дел, согласно потрошената топлинска енергија во грејната сезона од октомври до април, и фактурираниот износ за варијабилниот дел од август до април.

(2) Месечниот авансен варијабилен дел од вкупниот авансен надоместокот на мерно место за постојните објекти, се пресметува преку прогнозираната количина на топлинската енергија на мерното место за претстојната грејна сезона согласно член 41 и соодветниот тарифен став, поделено на 8 месечни рати.

(3) Месечниот авансен надоместок за нови објекти, се пресметува како за постојните објекти со тоа што ангажираната моќност е еднаква на инсталираната моќност од термотехничкиот проект на објектот.

(4) Доколку збирот на задолженият авансен варијабилен дел од вкупниот надоместокот на мерно место во периодот е помал од надоместокот за топлинска енергија за периодот, разликата ќе биде задолжена во фактурата за месецот во кој се изедначуваат задолженијата.

(5) Доколку збирот на задолженият авансен варијабилен дел од вкупниот надоместокот на мерно место во периодот е поголем од надоместокот за топлинска енергија за периодот, разликата ќе му биде одобрена за најстарата неплатена фактура ако потрошувачот има достасани, а неплатени фактури или ќе му биде вратена ако сите достасани фактури му се платени. “

Член 11

(1) Овој Тарифен систем влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија, а ќе се применува од 1.8.2016 година.

Бр. 01-1374/1
26 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

3363.

Врз основа на член 30 и 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016 и 120/2016) и член 43 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2013, 48/2015, 68/2015, 211/2015 и 107/2016), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 21 јули 2016 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Во Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2011, 53/2012, 18/2013, 88/2013, 91/2013 и 138/2013, 186/2013, 89/2014, 145/2014 и 48/2015), во членот 1 обрасците: Барање за издавање на двојазичен образец за остварување на право на здравствено осигурување за време на постојан престој (живеење) во држава со која РМ има склучено (преземено) договор за социјално осигурување – образец (ПП4), Барање за издавање на двојазичен образец за престанок на претходно даденото право на здравствено осигурување за време на постојан престој (живеење) во држава со која РМ има склучено (преземено) договор за социјално осигурување – образец (ПП4/1), Барање за издавање на двојазичен образец за остварување на право на здравствено осигурување за време на привремен престој (приватно или службено патување, студиски престој, школување, стручно усовршување, престој во врска со меѓународна – техничка, научна и културна соработка и слично) во држава со која РМ има склучено (преземено) договор за социјално осигурување – образец (ПП1) и Барање за издавање на двојазичен образец за работници упатени на привремена работа во држава со која РМ има склучено (преземено) Договор за социјално осигурување – образец (Д1), се заменуваат со нови обрасци кои се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне со примена од 31 јули 2016 година.

Бр.02-11134/3
25 јули 2016 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трповска, с.р.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Образец на барање **ПП4**

БАРАЊЕ

за издавање на двојазичен образец за остварување на право на здравствено осигурување за време на постојан престој (живеење) во држава со која РМ има склучено (преземено) Договор за социјално осигурување

Од осигуреникот _____ за:

☐ лично и/или ☐ членот на семејство (_____) од населено место_____ ул._____ бр._____ телефон _____.

Број на здравствена легитимација ЕМБГ на осигуреникот (носител) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот	- -
ЕМБГ на осигуреното лице (член на семејство) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот (на членот)	
Вработен во/осигурен преку	

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба _____, врз основа на приложената документација кон барањето за:

☐ лично и/или ☐ членот на семејство, да издаде двојазичен образец за право на здравствено осигурување за време на постојан престој (живеење) во _____

(се наведува странската држава)

почнувајќи од ____.___.20___година, или за период од ___.___.20___ до ___.___.20___година.

Документација која во прилог кон барањето ја приложува осигуреното лице:

1. уверение за престој или потврда за пријава со постојано место на живеење во странската држава, издадено од странската држава;

Документација која ФЗОМ може да ја обезбеди по службена должност:

1. потврда за одјава со постојано место на живеење од РМ, издадена од МВР;
2. извод од матичната книга на родени;
3. извод од матичната книга на венчани;
4. доказ од Фондот за пензиско инвалидско осигурување на РМ за остварување на право на пензија од РМ и/или од странска држава.*

***Се однесува само во случај на поднесено барање од пензионер и/или од член на негово семејство.**

Го овластувам Фондот за здравствено осигурување на Македонија да ги искористи дадените податоци во барањето и во мое име да го побара документот.

Со пополнување на ова барање се согласувам моите лични податоци и податоците за членовите на моето семејство да се користат за остварување на права од здравствено осигурување и користење на здравствена заштита и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на личните податоци.

Место и датум на поднесување: _____

Подносител на барањето: _____

Македонија бб, 1000 Скопје • Тел: 080033222 • e-mail: info@fzo.org.mk

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Образец на барање **ПП4/1**

БАРАЊЕ

за издавање на двојазичен образец за престанок на претходно даденото право на здравствено осигурување за време на постојан престој (живеење) во држава со која РМ има склучено (преземено) Договор за социјално осигурување

Од _____ осигуреникот за:
☐ лично и/или ☐ членот на семејство _____ од населено место_____ ул._____ бр._____ телефон _____.

Број на здравствена легитимација	- -
ЕМБГ на осигуреникот (носител) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот	
ЕМБГ на осигуреното лице (член на семејство) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот (на членот)	
Вработен во/осигурен преку	

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба _____, врз основа на приложената документација кон барањето за: ☐ лично и/или ☐ членот на семејство, да издаде двојазичен образец за престанок на претходно даденото право на здравствено осигурување за време на постојан престој (живеење) во_____ (Образец на барање ПП4)
(се наведува странската држава)

со ден ___.___.20___год.

Документација која во прилог кон барањето ја приложува осигуреното лице:

1. потврда за остварено право на здравствено осигурување од странска држава.

Документација која ФЗОМ може да ја обезбеди по службена должност:

1. потврда за пријава со постојано место на живеење во РМ, издадена од МВР;
2. извод од матичната книга на умрените;
3. извод од матичната книга на разведените;

Го овластувам Фондот за здравствено осигурување на Македонија да ги искористи дадените податоци во барањето и во мое име да го побара документот.

Со пополнување на ова барање се согласувам моите лични податоци и податоците за членовите на моето семејство да се користат за остварување на права од здравствено осигурување и користење на здравствена заштита и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на личните податоци.

Место и датум на поднесување: _____

Подносител на барањето: _____

Македонија бб, 1000 Скопје • Тел: 080033222 • e-mail: info@fzo.org.mk

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Образец на барање **ПП1**

БАРАЊЕ

за издавање на двојазичен образец за остварување на право на здравствено осигурување за време на привремен престој (приватно или службено патување, студиски престој, школување, стручно усовршување, престој во врска меѓународна - техничка, научна и културна соработка и слично) во држава со која РМ има склучено (преземено) Договор за социјално осигурување

Од осигуреникот

_____ за:

☐ лично и/или ☐ членот на семејство (_____) од населено место_____ ул._____ бр._____ телефон _____.

Број на здравствена легитимација	- -
ЕМБГ на осигуреникот (носител) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот	
ЕМБГ на осигуреното лице (член на семејство) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот (на членот)	
Вработен во/осигурен преку	

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба _____, врз основа на приложената документација кон барањето за: ☐ лично и/или ☐ членот на семејство, да издаде двојазичен образец за право на здравствено осигурување за време на привремен престој во _____

(се наведува државата)

поради:_____

(се наведува целта на патување)

за период од ___.___.20___ до ___.___.20___год.

Документација која во прилог кон барањето ја приложува осигуреното лице:

1. потврда за здравствената состојба, издадена од избраниот лекар (општ и гинеколог за жени).
2. доказ за целта на патувањето во странство (потврда за упис на редовна школска година, односно упис на семестар – при редовно школување, студиски престој и слично)*(оригинал).*

Документација која ФЗОМ може да ја обезбеди по службена должност:

1. мислење на лекарската комисија на ФЗОМ.

Го овластувам Фондот за здравствено осигурување на Македонија да ги искористи дадените податоци во барањето и во мое име да го побара документот.

Со пополнување на ова барање се согласувам моите лични податоци и податоците за членовите на моето семејство да се користат за остварување на права од здравствено осигурување и користење на здравствена заштита и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на личните податоци

Место и датум на поднесување: _____

Подносител на барањето: _____

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Образец на барање **Д1**

БАРАЊЕ
за издавање на двојазичен образец за работници упатени на привремена работа во држава со која РМ има склучено (преземено) Договор за социјално осигурување

Од осигуреникот _____ (за член на семејство _____) од населено место_____ ул._____ бр._____ телефон _____.

Број на здравствена легитимација	- -
ЕМБГ на осигуреникот (носител) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот	
ЕМБГ на осигуреното лице (член на семејство) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот (на членот)	
Вработен во/осигурен преку	

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба _____, врз основа на приложената документација кон барањето да ми издаде двојазичен образец за користење на здравствени услуги во _____.
(се наведува државата во која се упатува на работа)

Документација која во прилог кон барањето ја приложува осигуреното лице:
1. решение, односно акт, за упатување на осигуреникот на привремена работа во странство *(оригинал)*;
2. лекарско мислење за здравствената состојба на осигуреникот издадено од здравствена установа која врши дејност медицина на трудот *(оригинал)*.

Документација која ФЗОМ може да ја обезбеди по службена должност:
1. согласност за упатување на работници во странство издадена од органот на управата надлежен за работни односи (Министерството за труд и социјална политика).*

***Се однесува само за поднесено барање од осигуреник упатен на привремена работа во Германија.**

Го овластувам Фондот за здравствено осигурување на Македонија да ги искористи дадените податоци во барањето и во мое име да го побара документот.

Со пополнување на ова барање се согласувам моите лични податоци и податоците за членовите на моето семејство да се користат за остварување на права од здравствено осигурување и користење на здравствена заштита и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на личните податоци.

Место и датум на поднесување: _____

Подносител на барањето: _____

3364.

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016 и 120/2016), и член 114 став 2 од Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015 и 191/2015), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 21 јули 2016 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2011, 144/2011, 5/2012, 29/2012, 79/2012, 57/2013, 64/2013, 88/2013, 105/2013, 119/2013, 138/2013, 145/2013, 165/2013, 34/2014, 138/2014, 141/2014, 142/2014, 11/2015, 76/2015 и 96/2015), во членот 1 обрасците: Барање за право на специјализирана медицинска рехабилитација (образец-МР1), Барање за ослободување од партиципација (образец-П1), Барање за право на надомест (рефундација на средства) за извршена специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување (образец-ИСМР), Барање за надомест (рефундација на средства) за ортопедски и други помагала (образец-Р4), се заменуваат со нови обрасци кои се составен дел на оваа одлука.

Образецот Барање за донесување на решение по поднесено барање за остварување на право од задолжително здравствено осигурување (Образец-БД), се укинува.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне со примена од 31 јули 2016 година.

Бр.02-11134/5
25 јули 2016 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трповска, с.р.

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Образец на барање **МР1**

БАРАЊЕ

за право на специјализирана медицинска рехабилитација

Од осигуреникот _____ (за член на семејство _____) од населено место_____ Ул._____ бр. _____ телефон _____.

Број на здравствена легитимација	- -
ЕМБГ на осигуреникот (носител) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот	
ЕМБГ на осигуреното лице (член на семејство) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот (на членот)	
Вработен во/осигурен преку	

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба _____, врз основа на приложената документација кон барањето со решение да ми утврди право на користење на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во здравствената установа _____.

Документација која во прилог кон барањето ја приложува осигуреното лице:

1. отпусно писмо за завршено болничко лекување од здравствената установа, со која ФЗОМ има склучен договор, каде е извршено болничкото лекување, односно специјалистички извештај од соодветната болничка установа во која се наоѓале на болничко, односно амбулантско лекување, ако се работи за церебрална парализа кај деца до 14 годишна возраст;
2. конзилијарно мислење од соодветна болничка здравствена установа во која се лекувало осигуреното лице;

Документација која ФЗОМ може да ја обезбеди по службена должност:

1. мислење од Лекарската комисија.

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Напомена: Правото на специјализирана медицинска рехабилитација се остварува врз основа на поднесено барање и тоа:
- во рок од 1 месец по завршеното болничко лекување.
-во рок од најмногу 3 месеци по завршеното болничко лекување во случај кога е потребен контролен специјалистички/субспецијалистички преглед.
- во рок од најмногу од 6 месеци, од завршеното болничко лекување само во случај на настаната компликација на основната болест или ново настаната болест, потврдени со медицинска документација.
- во рок од 3 месеци по прележан инфаркт на срцето, хируршка интервенција на срцето и хируршки зафати на градниот кош со респираторна регија.
- во рок од 1 месец по извршен специјалистички/субспецијалистички преглед за: церебрална парализа, мултипла склероза кај средно тешки и тешки испади на локомоторен систем, плегии (хемиплегија, параплегија и тетраплегија), тешки парези, ревматоиден артрит, онколошки заболувања кај деца до 18 години и болести на крвта и крвотворните органи (хемофилија).

Со пополнување на ова барање се согласувам моите лични податоци и податоците за членовите на моето семејство да се користат за остварување на права од здравствено осигурување и користење на здравствена заштита и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на личните податоци
Ова барање заедно со потребната документација осигуреното лице може да го поднесе и преку веб порталот на Фондот и истото гарантира за веродостојноста на податоците.

Место и датум на поднесување: _____

Подносител на барањето: _____

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Образец на барање **П1**

БАРАЊЕ

за ослободување од партиципација

Од осигуреникот _____ (за член на семејство _____) од населено место_____ Ул._____ бр. _____ телефон _____.

Број на здравствена легитимација	- -
ЕМБГ на осигуреникот (носител) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот	
ЕМБГ на осигуреното лице (член на семејство) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот (на членот)	
Вработен во/осигурен преку	
Број на трансакциска сметка	

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба _____, врз основа на приложената документација кон барањето да ме ослободи од натамошно учество во трошоците на здравствени услуги (односно да ми се врати повеќе платеното учество).

Документација која во прилог кон барањето ја приложува осигуреното лице:

1. Потврда/и за наплатено учество (партиципација) во цената на здравствените услуги од здравствената/ите установа/и;
2. Отпусно писмо од здравствена установа со која ФЗОМ има склучено договор за услугата;
3. Спецификација/и (пресметка/и) со фискална/и сметка/и за извршени здравствени услуги од соодветната/ите здравствена/и установа/и;
4. Доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето

Документација која ФЗОМ може да ја обезбеди по службена должност:

1. Годишна даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход – образец ПДД-ГДП за носителот на здравственото осигурување и членовите на семејството (копја со приемен печат од Управата за јавни приходи)/Уверение за остварени приходи во претходната година од Управата за јавни приходи;
2. Извод на родени за деца од 1-5 години (копија)[1];

[1] ***Доколку осигуреникот не го приложи документот ФЗОМ може го обезбеди по службена должност, а трошоците за истото паѓаат на товар на осигуреникот.*** **Го овластувам Фондот за здравствено осигурувањае на Македонија да ги искористи дадените податоци во барањето и во мое име да го побара документот**

Со пополнување на ова барање се согласувам моите лични податоци и податоците за членовите на моето семејство да се користат за остварување на права од здравствено осигурување и користење на здравствена заштита и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на личните податоци

Напомена: Ова барање заедно со потребната документација осигуреното лице може да го поднесе и преку веб порталот на Фондот и истото гарантира за веродостојноста на податоците.

Место и датум на поднесување: _____

Подносител на барањето: _____

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Образец на барање **ИСМР**

БАРАЊЕ

за право на надомест (рефундација на средства) за извршена специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување

Од осигуреникот _____ (за член на семејство _____) од населено место_____ Ул._____ бр. _____ телефон _____.

Број на здравствена легитимација	- -
ЕМБГ на осигуреникот (носител) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот	
ЕМБГ на осигуреното лице (член на семејство) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот (на членот)	
Вработен во/осигурен преку	

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба _____, врз основа на приложената документација кон барањето да ми ги надомести средствата за завршена специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во здравствената установа _____.

Документација која во прилог кон барањето ја приложува осигуреното лице:

1. отпусно писмо за завршено болничко лекување;
2. конзилијарно мислење на пропишан образец, со шифра на дијагноза по МКБ-10 или МКБ-10 АМ и латински назив на дијагнозата согласно Листата на индикации, издадено од ЈЗУ/ПЗУ од болничка здравствена заштита со склучен договор со Фондот, а каде осигуреното лице било на болничко лекување;
3. потврда за болничко лекување (образец ПБЛ пропишан од Фондот како составен дел на Правилникот за остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување), која го заменува отпусното писмо, во случај кога не е изготвено отпусно писмо, како и при незавршено болничко лекување;
4. отпусно писмо за завршена специјализирана медицинска рехабилитација;
5. пресметка за извршени здравствени услуги и
6. фискална сметка во оргинал и копија или фактура (оригинал) со доказ за плаќање за пружената здравствена услуга.

Документација која ФЗОМ може да ја обезбеди по службена должност:

1. мислење од Лекарската комисија.

Со пополнување на ова барање се согласувам моите лични податоци и податоците за членовите на моето семејство да се користат за остварување на права од здравствено осигурување и користење на здравствена заштита и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на личните податоци

Место и датум на поднесување: _____

Подносител на барањето: _____

Македонија бб, 1000 Скопје • Тел: 080033222 • e-mail: info@fzo.org.mk

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Образец на барање **Р4**

БАРАЊЕ

за надомест (рефундација на средства) за ортопедски и други помагала

Од осигуреникот _____ (за член на семејство _____) од населено место_____ ул._____бр._____ телефон _____.

Број на здравствена легитимација	- -
ЕМБГ на осигуреникот (носител) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот	
ЕМБГ на осигуреното лице (член на семејство) (или) Единствен здравствен број на осигуреникот (на членот)	
Вработен во/осигурен преку	
Број на трансакциска сметка	

Барам Фондот за здравствено осигурување на Македонија – Подрачна служба _____, врз основа на приложената документација кон барањето, да ми ги надомести средствата потрошени за набавени ортопедски и други помагала од Списокот на ортопедски и други помагала.

Документација која во прилог на барањето ја приложува осигуреното лице:

1. Фискална сметка во оригинал и копија или фактура (во оригинал) со доказ за плаќање на ортопедското или друго помагало и
2. Доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето

Документација која ФЗОМ може да ја обезбеди по службена должност:

1. Потврда за потреба од ортопедско помагало (соодветна за помагалото), заверена во Подрачната служба во која е осигурен осигуреникот носител на осигурувањето

Со пополнување на ова барање се согласувам моите лични податоци и податоците за членовите на моето семејство да се користат за остварување на права од здравствено осигурување и користење на здравствена заштита и истите да се користат согласно прописите на Законот за заштита на личните податоци

Напомена: Ова барање заедно со потребната документација осигуреното лице може да го поднесе и преку веб порталот на Фондот и истото гарантира за веродостојноста на податоците.

Место и датум на поднесување: _____

Подносител на барањето: _____

Македонија бб, 1000 Скопје • Тел: 080033222 • e-mail: info@fzo.org.mk

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Ангела Атанасова
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2016139